## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Деветтото продолжение на Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 април 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со рабора по Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдуладиј Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адими, Рафис Алити, Теута Арифи, Агрон Буџаку, Али Ахмети, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азиз Положани, Селвије Салиу, Ајше Селманим, Тахир Хани, Стојан Андов, Владо Бучковска, Верица Филипова, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Наде Станчевска, Благој Зашов и Радмила Шекеринска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Предлог за донесување на закон за јавно обвинителство.**

Продолжуваме со претресот.

Има збор Мери Младеносвска-Ѓорѓиевска,повелете,

**Мери Младеносвска-Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Јас зборував во текот на вчерашниот ден, денеска ќе продолжам, без желба да се повторувам за оние работи што веќе ги кажав.

Ќе се навратам кратко на тоа што министерот го истакна во неговото образложение за потребата да се поднесе Предлогот за донесување на зкаон за јавното обвинителство, бидејши тој истакна дека во рок од 9 месеци овие два закони, значи Уставниот закон за спроведување на амандманите, не е направено ништо и Владата на Република Македонија, со самиот нејзин избор “веднаш се зафати со подготовка на Законот за јавно обвинителство и Законот за совет на јавни обвинители”.

Јас, колеги пратеници се прашувам, ако Владата се зафатила веднаш со овие закони, а ги чекаме 8 месеци, дури сега ги добиваме во прва фаза, што ќе се случеше ако Владата не се зафатеше веднаш? Можете да претпоставите? Не 8, туку 18 или незман колку месеци ќе им беа потребни. Тоа е затоа што Владата непринципиелно се однесува, како што спомнав и вчера, со достигнувањата што се постигнати во сферата на правосудството во изминатиот период.

Тука ќе го спомнам Сенека и неговата изрека: “Туѓата мана секогаш ја имаме пред очи, а нашите мани ни стојат зад грб”.

Ќе беше добро ако Владата се однесуваше на овој начин. Можеби некогаш треба да се кажат туѓите недостатоци, но за жал, во овој случај можам да констатирам дека Владата, апсолутно, во однос на ова прашање невистинито се однесува, бидејќи во однос на реформите во правосудството нема недостатоци на другата Влада. Напротив, само достигнувањеа.

Можеби е нормално на почетокот секоја Влада кратко да се осфрне на тоа што не било добро во претходниот период. Но, јас имам разбирање за тоа ако тоа трае еден или два месеци, па потоа Владата продолжи да работи и ги каже резултатите од својата работа. Но, за жал, ние 8 месеци, 8 изминати месеци се соочуваме и сме сведоци само на критики што оваа Влада ги упатува на претнодната, а при тоа не правејќи ништо.

Е сега, ако зборуваме за тоа што се случуваше, не може да остане незабележано дека постојано беше критикувана претходната Влада зошто не ги донела овие два закони. Крајниот рок беше 30 септември, затоа што не било возможно до 12 јуни беа донесени редици закони, многу повеќе од тоа што беше предвидено тогаш, кога заврши мандатот на претходниот парламентарен состав.

Сега овде не сме да претпоставуваме што ќе се случеше ако на изборите победеа партиите од претходната коалиција. Тогаш, сигурна сум законите ќе беа донесени, а подоцна ќе кажам и зошто. Меѓутоа, ако некој нема концепт, ако нема цел, ако не знае како да дојде до целта не можете да му помогнете. Тоа е негова одговорност.

Но, наместо претставниците на власта, после 5 јули да се зафатат сериозно со активности што треба да ги прават во натамошниот период и наместо да ја слават победата и да одат на годишни одмори, можеа да поработат. И, ако имаа определена политика за остварување на оваа цел, законите ќе беа донесени. Но, прашањето е тука нешто друго. Не им се допаѓаше тој текст што беше изготвен во соработка со Здружението на обвинители и ОБСЕ, затоа што го губеа времето во утврдување на одредени работи што значат начин на избор на обвинителот, еве овее што гледаме за разрешување на обвинителот, како да биде пак под директива на Владата, дали странец да биде јавен обвинител итн. Тогаш, нормално е од едно министерство, што беше реформско, за што најмалку се виновни за она што се случува вработените, бидејќи тие го покажаа својот капацитет во претходната работа, но само под услов ако знаете како да ги водите, ако знаете како да ја користите нивната работа да помогнат во изготвување и реализирање на утврдените политики. Ако некој нема политики не може да го оствари тоа што би требало да значи политика.

Но, наместо нешто да се работи во Владата 8 месеци слушавме дека законот не е изготвен , требало да го работи некој друг, па дури имаше употребување на некои лични, односно напади врз одредени личности што нема да ги

споменувам, не сакам да ја користам својата дискусија за тоа. А ќе ви кажам што добиваме денес. Ние го чекавме законот, да видиме што е тоа што претставува таква тежина во работењето бидејќи така беше најавено дека е тој тежок закон, ќе се донесе напролет, не можеме да го изготвиме толку брзо.

Почитувани колеги,

Ако го причитате внимателно текстот на законот, еве го заедно со текстот што стои во него со образложение, со одредени компаративни искуства, јас тоа го направив, направете го и вие анализа на самите одредби, ако членовите ги споредите со постојниот Закон за јавно обвинителство и со закони за судови донесен на 5 мај 2006 година, ќе забележите дека најболем дел од одредбите се препишани од Законот за јавно обвинителство, од постојниот, прилагодени се одредбите од Законот за судови, таму каде што стои судство овде стои обвинителство, и, се на се вкупно, од овој материјал, можеби има 5 страни, нешто што претставува новина. Компаративните искуства се користени од материјалите што се изготвувани по повод измените на Уставот, значи при изготвувањето на амандманите, уставните амандмани.

За 5 страници, што претставуваат нешто ново не се потребни 8 месеци туку тоа се прави за 8 часови. Но, тоа е проблем на Владата и за тоа треба да одговори пред јавноста, а не да ја крие вистината. Ние ова, како што спомнав, што најмалку сакав да го кажам од говорницава, бидејќи сакаме да разговараме за самиот закон, но има одредена мера до која што може да ги толерирате сите напади што се и врз личностите и врз партиите и врз претходната власт. Но, кога одредена мера, без аргументи, значи кога немате аргументи а ја пречекорувате таа мера, сепак трега да ви се укаже на вистината, да се соочите со вистината и да престанете да зборувате за работи што се апсолутно различни од она што е реалноста.

Не можам да го разберам начинот на кој што се однесувате пред претходните достигнувања, заради тоа што си го поставувам прашањето, бидејќи знам какви се активностите на министерствата и на Владата, потребно е да изготвуваат извештаи за тоа каков е напредокот во одредени области до Европската Унија , тие се изготвуваат периодично, јас сега се прашувам, бидејќи сум од сферата на правдата, за работи од надлежност на Министерството, не од надлежност од судството и обвинителството, тоа е нешто друго, не се случува ништо.

Што се пишува во тие извештаи? Единствено што можам да претпоставам е дека ја следите имплементацијата на законите што се донесени во претнодниот период и дека добро се чувствувате кога во тие извештаи треба да запишете дека во пракса Законот за парнична постапка дава добри резултати, дека извонредни резултати дава Законот за извршување. И, тоа е добро. Тоа е заеднички успех на државата и тука не треба да ги делиме работите на ваши на наши. Вие го правите тоа. Не знам што друго може да се пишува во извештаите, освен она што е претходно направено. Затоа, не сакам да помислам што ќе се случеше ако не беше изготвен , ако претходната Владат доцнеше, па да речеме не беше изготвен Законот за извршувај кој 3-4 пати е повеќе по обем од Законот за обвинителство кој нема ниту една слична одредба од претходниот Закон со извршна постапка. Тогаш, не знам колку години ќе ви требаа, ако за Законот за јавно обвинителство, за кој што кажав дека претставува најголем препис на постојниот Закон за обвинителство и Закон за судови ви требаа 8 месеци.

Со треба веќе еднаш да се соочите и да престанете да изнесувате работи што не одговараат на реалноста.

И вчера зборував за прашањата за кои што почнав да зборувам, а поради истекот на времето морав да ја прекина дискусијата, околу прашањата што сметам дека не се соодветно регулирани со овој закон, како што е псотавеноста на Јавното обвинителство, бидејќи навистина сметам дека на несоодветен начин е направена дистинкција во функциите на јавниот обвинител на Република Македонија, Јавното обвинителство на Република Македонија, Вишото обвинителство, Основното јавно обвинителство и Јавното обвинителство за борба проти организираниот криминал и корупција.

Ќе повторам, сметам дека изборот на јавен обвинител на Република Македонија, овде во Парламентот, избира личност која ќе биде одговорна за вкупните сосотојби во Јавното обвинителство. Со ваквата поделена надлежност можеме да се соочиме со една реалност, јавниот обвинител за борба против организираниот криминал и корупција да бида по значајна личност од јавниот обвнител на Република Македонија и да излезе од контрола на системот. Сметам дека тоа е противуставно, затоа што на тој начин се нарушува единствената организација на Јавното обвинителство.

Но не само оваа надлежност. Во Законот не е добро разработена и надлежноста или поврзаноста во преземањето на дејствијата и помеѓи другите јавни обвинители. Во Законот, апсолутно несоодветно е третирана улогата на Министерството за правда и на министерот за правда. Тука, на мала врата може да ни се јави и да ни се врати потполна контрола на Јавното обвинителство од страна на Министерството за правда и министерот за правда. Тие надлежности мора да бидат точно предвидени, за да се знае кој до каде и за што има надлежности. Молчешкум ако се остави ова прашање како правна празнина, мислам дека во пракса ќе го имаме тоа што сега почнуваме да го гледаме де факто, што нема да го повторувам затоа што вчера го спомнав.

За системите што постојат во другите држави нема да зборуваме. Ние го избравме тој систем кога ги изготвувавме уставните измени и сега

треба законот да биде прилагоден на тие одредби.

Понатаму, сметам дека треба да се доработи законот со одредби што ќе ја дефинираат улогата на Парламентот, наспроти јавниот обвинител на Република Македонија, за да не се чувствува тој притиснат од парламентарното мнозинство при вршењето на својата функција.

Да се доработат и одредбите што се однесуваат на Извештајот што тој треба да го достави за својата работа и на сите други прашања што значат започнување и водење на постапка за разрешување, да не ни се случи тоа што сите сме имале можност да го критикуваме, а сме биле сведоци, начин и постапка за разрешување на јавните обвинители во овој Парламент, на начин каков сме го имале во праксата.

Има многу други одредби што навистина треба да се доработат. Но, јас ќе спомнам во текстот има многу решени што се превземени од Законот за судови но и номотехниката е погрешена. Има различен редослед од Законот за судови. Тука ќе ги спомнам пред се условите за избор на јавните обвинители во Република Македонија. Наместо да се оди од подоле кон поголре од член 44 натаму, се оди оди од погоре кон подолу. Треба да се следи една идентична номотехника.

Но, исто така, треба да постои, поради концистентност на законите, кога се предвидуваат услови што треба да ги исполуваат лицата што треба да бидат јавни обвинители, треба да се имаат предвид и одредбите од Законот за судовите дека не може и дека нема потреба да бида поостри критериумите за избор на јавни обвинител во Јавното обвинителство во Република Македонија одколку, да кажам, избор на врховен судија. И така надолу, споредбено, Апелациониот суд, Вишо обвинителство и Основен суд, до Основно јавно обвинителство.

Зошто е ова вака направено, навистина не гледам никаде образложение, заради тоа што на тој начин ќе имаме шаренило во прописите. Еве ќе спомнам, за јавен обвинител на Република Македонија предвидено е овде да биде именувано лице за кое е предвидено да има и работно искуство од најмалку 10 години со потврдени резултати обвинител или судија со потврдени резултати. Да споман, во Законот за судови тој стаж е 8 години но само за судија. Значи, се предвидува 8 години да биде судија со потврдени резултати за да може да биде избран за судија во Врховниот суд.

Сега, овде се допушта можност со 10 години стаж судија или обвинител, значи се допушта можност за движење на судиите во Обвинителството на Република Македонија за сите останати 12 години работно искуство со потврдени резултати на правни работи по положениот правосуден испит. Не се гледа добро од образложението зошто е направена оваа дистингтинција и зошто не се следи еден идентичена начин на предвидување на условите.

За Јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Македонија да биде избрано лице кое има работно искуство исто од најмалку 10 години стаж како јавен обвинител со потврдени резултати. За Врховен суд, ќе повторам, е 8 години.

На ниво на јавен обвинител во Више обвинителство е предвиден стаж од 8 години, за судии е 5 години. Сметам дека со ваквите одредби, навистина, ќе биде деградирана судиската функција, заради тоа што или на одреден начин можеби привилегирана, не заслужено, затоа што со 5 години работен стаж, со потврдени резултати можете да бидете судија Апелационен суд, но не можете да видете виш обвинител. Независната позиција на судската власт и самото дефинирање на судската власт, како власт во Република Македонија, мислам дека не допушта ваков волонтаризам во одредбите и треба во втората фаза овие одредби да се усогласат. Истото се однесува и за основен јавен обвинител да може да биде избрано лице кое покрај условите од ставот 2 има работно искуство од најмалку 6 години, па потоа доаѓаат одредбите што се однесуваат на Јавното обвинителство за борба против организираниот криминал и корупција. На ова се надоврзува дистингцијата во мандатот помеѓу јавниот обвинител за борба против организираниот криминал и корупција, што е истоветен 6 години, како јавниот обвинител на Република Македонија, а обвинителите во Основното, во Вишите обвинителства да имаат мандат од 4 години, како што имаат претседателите на судовите.

Значи, имаме една таква широка лепеза на дефиниции во однос на стажот, што просто, не е можно човек да се снајде во одредбите. Дури и оние кои ќе сакаат да конкурираат, нема да знаат кои услови ги исполнуваат. На ова се надоврзуваат и прашањата во однос на стажот, на генералниот секретар на Јавното обвинителство, како што е пандан на тоа генерален секретар во судството, на вишите соработници и на сите други стручни соработници, со оние дефиниции како што се во Законот за државнио службеници, потполно различно од тоа што е предвидено во судството. Без аргументација зошто е тоа така, мислам дека во овие функции не треба да се прави дистинкција, затоа што најчесто оние кои ја започнуваат кариерата, по завршување на факултет во судството и обвинителството, се среќаваат со иста материја, на ист начин напредуваат понатаму во кариерата и мислам дека не принципиелно е да се раздвојуваат, според одреден број на стаж во обвинителството и судството. Има некои што во исто време ќе ја започнат кариерата, па можат да напредуваат побрзо, а некои долги години да стојат во место.

Сметам дека овие се работи повеќе и од технички карактер, што ќе бидат земени предвид при изготвување на Законот во втората фаза. Има и многу други работи кои што се посуштински, како што се прашањата за улогата на Јавниот

обвинител во истрагата, за тоа, што се истражни дејствија, кои активности може да ги превземе Јавниот обвинител, каде е по оваа постапка судот, за кои активности на Јавниот обвинител се потребни одлуки од страна на судот. Меѓутоа, за жал, не можеме да се пуштиме во расправа по тие прашања, бидејќи тоа е предмет на регулирање на Законот за кривична постапка. Но ви сте навикнати и за многу други работи ги превртувате работите, почнувате од наопаку и затоа сме доведени во една ваква ситуација. А за осум месеци ако имавте концепт и ако знаете што треба да правирте тогаш во овој момент или досега можеа да бидат направени измени во кривичната постапка, за да може врз основа на тие прифатени измени да се постави соодветно и улогата на Јавниот обвинител на Република Македонија. Ние не смееме да дозволиме со закон, кој дури сега согласно уставните амандмани се носи со двотретинско мнозинство, да менуваме, или да наговестиме измени, како што е Законот за кривична постапка, со кој навистина се тангираат основните човекови слободи и права, загарантирани во Уставот.

Во светот има најразлични решенија, но кај нас се знае дека слободата на граѓаните може да се одземе исклучиво со судска одлука. Прашање е тука каква улога ќе има Јавниот обвинител, бидејќи ние, нормално, можеме да бидеме исплашени од она што го слушаме и од што се навестува дека Јавниот обвинител ќе биде се во истрагата, дека тој ќе ја води, но дали е тоа допуштено согласно Уставот. Дали може Јавниот обвинител да постапува и до која мера тој може да постапува. Дали неограничените права на Јавниот обвинител значат повреда на Уставот и на загаранитраните права на граѓаните, согалсно Уставот. Па дури и кога може да прибавуваат материјали од било кого, од граѓани, од други органи, итн. Дали тие негови овластувања треба да бидат ограничени со судска одлука и во која мера тој може да ги користи тие свои овластувања.

Навистина, сметам дека не е добро да се води постапката во име на јакнење на независноста на Јавниот обвинител, а зад сето тоа да се крие нешто друго. Да се крие доминација на министерот за правда, можно е, доколку остане овој текст ваков, да се крие доминација на полицијата, заради можноста обвинителството со овој капацитет што го има да ги превземе обврските, согласно законот и тогаш ќе се претвориме во другата крајност таа што ние не ја посакуваме. Никој од нас не сака да има Јавнен обвинител кој што ќе биде зависен, бидејќи сме се определиле за независнот на Јавниот обвинител, но за независност што ќе биде дефинирана во закон и ќе биде органичена во одредени мерки, пропишани во Уставот. Затоа што, да потсетам, независноста не е анархија. Ако ние се определиме за независна позиција на обвинителот, тој треба да биде независен од извршната и од законодавната власт и тие механизми треба да бидат пропишани овде во законот, но треба да работи законито. Тоа што ќе го работи, треба независноста да биде во носењето на одлуката, на јавнообвинителската одлука, а не што е нешто спротивно на тоа.

Во законот, исто така се наведува дека треба Јавниот обвинител на Република Македонија да поднесува годишен извештај за работата на јавното обвинителство и за состојбите со криминалитетот во Република Македонија. Тој се доставува до Врховен суд и до Министерството за правда, тоа е во ред, меѓутоа, согласно новите уставни одредби се предвидува Јавното обвинителство да изготвува единствен годишен извештај за работа на сите јавни обвинителства и да го доставуваат на разгледување до Советот на јавни обвинители на Република Македонија.

Сегде се јавува едно двојство, кое што според мене е загрижувачко. Тоа двојство се провлекува секаде во законот, е наведена и одговорноста на јавните обвинители, секаде хиерархиски, одговараат пред Јавниот обвинител на Република Македонија и пред Советот на јавни обвинители.

Сметам дека овие одредби треба да бидат доработени заради тоа што ова двојство исто така ја нарушува хиерархиската поставеност во јавното обвинителство. Треба законот да биде усогласен со уставните одредби, кои значат единственост во јавното обвинителство, а прашањата за Советот, кој што се однесуваат на именување и разрешување, не се прашања на поголема одговорност на јавните обвинителства пред Советот, наспроти Јавниот обвинител, бидејќи и досега јавните обвинители на Република Македонија не одговараат за својата работа по предмет пред Собранието, кога ги избираше Собранието, туку одговараат на Јавниот обвинител, за тоа што конкретно го работат. Одговорноста пред Собранието беше за нестручно и несовесно работење. А не може сега Советот на јавни обвинители да презема работи што се во надлежност на обвинителот. Оваа е голема замка, која што ако не се доработат одредбите исто така, можат да создадат едно огромно двојство, кое во пракса ќе предизвикува проблеми и нема да се знае кој за што и на кој начин одговара и пред кого, бидејќи наеднаш пред јавните обвинители ќе се постават многумина кои ќе бидат во улога на контрола на нивната работа. Сметаме дека треба да се знае каква е хиерархиската поставеност и кој за што одговара во превземањето на своите активности.

Добро е што во однос на прашањата за авокација има дефиниција во кои услови може да се направи тоа. На тој начин се контролира волонтаризмот, кој би можел евентуално да се појави кај Јавниот обвинител на Република Македонија и добро е тука што се превземени искуствата од други земји.

Ќе спомнам, како што е во членот 30, има многу прашања, кои што навистина треба да се доработат. Во самото образложение на законот на повеќе места е наведено, Јавниот обвинител има раководна улога во истрагата. Јавниот

обвинител има раководна улога во истрагата. Без измена на Законот за кривична постапка, без дебата за тоа дали треба да се менува постојниот концепт во Законот за кривична постапка и начинот на кој се спроведува истрагата, мислам дека не е соодветно тоа да се прави по Законот , бидејќи не знаеме каква е таа раководна улога во истрагата. Дали ќе ги превземе сите исражни дејствија на истражниот судија. Тоа е невозможно. Кои дејствија ќе ги превземе, на каков начин? Должни бевте господине министре да одговорите на овие прашања, а не само во вашето обраќање да ни ги наведувате работите кои што се дел од Законот, а сме морале и така и така да ги направитме, бидејќи се усогласуваме со уставните одредби, како што е менување на мандатот, или пак како што е називот јавни обвинители на Република Македонија, Јавен обвинител во основно јавно обвинителство итн.

Тоа се терминолошки работи, кои што не зависеа ниту од министерот, ниту од Владата, туку кој и да беше ќе мораше да ги направи, затоа што се дел од уставните решенија. Вие требаше да одговорите на многу посуштествени прашања.

Сега доаѓам до членот 32 кој е многу оспоруван, бидејќи дефинира дека Јавниот обвинител има доминантна положба во комуникацијата и координација на дејствија со судовите, другите државни органи и правни лица. Каква е таа доминантна положба во координација на дејствија со судовите, навистина, треба да се одговори.

Ако со уставните измени направивме јакнење на положбата на судската власт која што е независна уште со Уставот од 1991 година, јас не можам да се согласам дека таа судска независност треба да биде загрозена од било кој, најмалку пак од јавното обвинителство, кое во постапката е странка. Не смееме да заборавиме ниту еден момент при изготвувањето на законот и при донесувањето дека Јавниот обвинител е странка во постапката и тие права што во постапката ги има Јавниот обвинител мора да ги има и обвинетиот, за да му се овозможи фер судење. За да му се овозможи да ги каже сите аргументи. Што ќе се случува со нејакнењето на капацитетот на јавното обвинителство, а прифаќање на вака доминантна позиција, можеме да замислиме кога иако формално Јавниот обвинител ќе може да бара одговорност и активност од полицијата, но фактички, ќе нема можност да го контролира тоа што му е сервирано од полицијата. И ако тие сослушуваат сведоци, ако сослушуваат други лица во постапката и обвинетите не се сигурни дали ќе им бидат овозможени тие права кои што согласно законот мора да ги имаат, затоа што ако истрагата се префрла во обвинителството, мора за секое дејствие што се превзема да биде информиран обвинетиот, да биде информиран за бранител и да може да присуствува кога се превземаат овие дејствија. Дали нашите институции се спремни да го превземат тоа. Да сослушуваат странки, да повикуваат сведоци, да бидат истовремено присутни и обвинетите и адвокатите, за да може да кажеме дека сме навистина правна држава и дека се почитуваат правата на странките еднакво, онака како што е дефинирано и во конвенцијата и во меѓународни договори. Јас се плашам дека вие ова го немате доволно разработено, туку сте тргнати по еден популизам. Дека вие го немате ова доволно разработено туку сте тргнати по еден популизам дека еве ќе ја скратиме истрагата, или ќе го скратиме времетраењето на постапката. Одите кон нешто друго, кое не ви е доволно проверено, кое може во пракса да не даде добри резултати. Јас со ова не сакам да ме сватите дека имам свој став за или против нешто. Не. секогаш барем во правото кога се работи за различни концепти има аргументи за едното и за другото, но сум за тоа навистина сериозно да се разгледаат тие концептуални разлики и по дефинирањето на ставот и определбата за тоа што ќе градиме ние, тоа да го правиме на најсоодветен начин.

Во законот, во членот 19, еве ќе кажам и некои конкретни забелешки кога никој од јаните обвинители не се согласува со времено упатување во друго јавно обвинителство. Какви се тогаш овластувањата на Јавниот обвинител, какви критериуми треба да бидат предвидени, оддалеченоста, семејна состојба, здравствената состојба, воздраст и други критериуми, да се даде овласување за вршење на функција во друго обвинителство. Во ставот 2 со предложеното решение со продолжување на времетрањето на ова упатување за 6 месеци на испратениот јавен обвинител, доколку друг не се согласи, се кршат уставните права и рамноправноста на другите јавни обвинители пред законот. Што ако се укаже потреба од продолжување на времено упатување уште на 6 месеци, а никој не се согласи со тоа. Се поставува прашање зошто со Законот се предвидени основните начела хиерархија и субординација. Дали како во овој случај ќе се применуваат на сите, или само на некои јавни обвинители. Доброволно дадена согласнот за времено упатување на само 6 месеци од страна на Советот на јавни обвинители, може да се злоупотреби доколку од упатениот не се побара нова согласност за упатување на продложувањето на овој период.

Потоа во членот 48 одредбата од ставот 2 е спротивна на општите начела за одговорност за причинета штета утврдена со одредбите на Законот за облигационите односи кои се вградени во Законот за судови член 70, каде судиите за незаконито работење се одговорни на граѓански и правни лица за причинетата штета одговора Република Македонија.

Навистина, не гледам причина јавните обвинители да бидат привилегирани во однос на судиите и на другите работници за кои за штетата причинета на работа, или во врска со работата одговара работодавачот, а оштетениот може директно да ја бара и од работникот. Со овој член треба да се утврди во кои случај се одговара и кој одговара за штетите причинети на учесниците во постапката поради неодговорен однос и незаконито постапување на Јавниот обвинител.

Јас спомнав голем дел од одредбите од Законот за судови се пропишани, меѓутоа, таму каде што нешто не ви одговарало, тоа не е направено.

Во членот 65, со оглед на тоа што како услов за именување на Јавниот обвинител на Република Македонија се бара да биде државјанин на Република Македонија, во став 1 од членот 65, после алинеја 1 треба да се додаде нова алинеја 2, која ќе гласи: “Ако го изгуби државјанството на Република Македонија “. По ставот 1 треба да се додаде нова алинеја која ќе гласи: “ Ако ги исполни условите за старосна пензија”. Бидејќи Советот на јавни обвинители, при донесување на решение за престанок на фукцијата Јавен обвинител, мора да ги почитува одредбите за остварување на правото на старосна пензија, регулирани со Законот за ПИОМ од една страна, а од друга страна оваа функција не може да биде привилегирана во однос на другите функции предвидени во рамките на организацијата на јавните обвинителства, да се дозволи оваа институција да ја водат лица кои имаат поголем број години, од оние кои ги водат другите такси, како што е на пример судството, е предвидено дека се применуваат одредбите како и за сите други граѓани.

Во членот 66 во ставот 1 да се додаде нова алинеја 4 која треба да гласи: “Ако ги исполни условите за старосна пензија, врз основа на образложение дадено во претходниот член.”

Во членот 70 предлагам како дисциплинска повреда да се предвиди неоправдано одбивање на времено упатување утврдено во членот 19 на овој закон. Во членот 72 во ставот 2 на овој член е предвидено како правен лек жалба на одлука на Комисијата за утврдување на одговорност на Јавниот обвинител воопшто, не е прецизирано какви одлуки носи таа Комисија, бидејќи во членот 74 е предвидено какви одлуки носи Советот на јавни обвинители и какви дисциплински мерки изрекува. Изрекувањето на дисциплински мерки и спротивно на членот 51 од Законот за Советот на јавни обвинители, каде е предвидено укинување, преиначување, или потврдување на одлуките на Комисијата. Но за одредени неусогласености и непринципиелно пропишување на одредбите во Законот за Советот на јавни обвинители, ќе зборувам кога ќе дојде таа точка на дневен ред.

Ќе ги спомнам сега заради континуитет на овие одредби и преодните одредби, иако имам и други прашања, кои што сметам дека исто така треба да се осврнам малку на нив.

Во членот 94 сметам дека заради спречување реваншизам, треба да се избегне привилегирање на замениците јавни обвинители избрани по 2004 година, во однос на оние кои се избрани пред тоа, со цел, да се изедначи законодавството кое се однесува на правосудните органи, предлагам да се примени истото законско решение, што е предвидено во член 119 од Законот за судовите, односно замениците јавни обвинители избрани пред влегувањето во сила на овој закон да продолжат со вршењето на обвинителската функција без ограничување на траење на мандатот. Сето друго навистина, може да се претвори во реваншизам.

Во законот, секако, има одредби кои што не можеле да бидат поинакви, освен прилагодување со Уставот, како што е начинот на кој се бира Јавниот обвинител, но сметам дека не се оди како што е интенцијата на уставната одредба. За тоа зборуваше и колешката Цветанка Иванова, што ќе се случи ако се избере Јавен обвинител на Република Македонија во Собранието со негативно мислење од Советот на јавни обвинители што вие еве, по овој Закон предвидувате дека е можно.

Но јас мислам дека кога треба да се дефинира оваа одредба, треба да го побараме одговорот на прашањето како ќе се чувствува тој јавен обвинител и како ќе работи во Јавното обвинителство на Република Македонија како член на Советот на јавни обвинители со оние свои колеги кои негативно се изјасниле за неговото именвување. Значи, имаме Совет на јавни обвинители составен од претставници на Обвинителството, значи лица кои ја граделе својата кариера во Обвинителството, од претставници на другите власти, како што на крајот ќе се утврди, имаме овде само во Законот за Совет за јавни обвинители едне предлог кој да бидат тие лица, и тој Совет на предлог на Владата, откако Владата ќе побара мислење, дава негативно мислење. Владата се апстрахира од тоа мислење и мислењето на Советот, со своето позитивно мислење или со својот предлог на мислење го доставува во Собранието, по принципот на гласање кој е доминантен во Собранието мнозинството ќе го избере Јавниот обвинител, тој ќе појде да работи во својата канцеларија и после два три дена ќе добие покана да присуствува на седница на Советот на јавни обвинител. Како тој обвинител ќе се соочи со останатите членови на Советот на јавни обвинители кои за него дале негативна оценка. Дали Ќе може соодветно да ја работи својата работа? Јас ќе кажам не, апсолутно, во старт.

Како ќе се запази тогаш хиерархиската поставеност на Јавното обвинитеслтво и она што вие во законот сега несоодветно го правите, одговорност истовремено и пред Советот. Значи, ќе се разбуричкаат работите и нема да се знае кој што работи, како работи, зошто работи, кој кому одговара, туку ќе почнат лобирања и непринципиелни однесувања. Никому нема да му биде битна обвинителската функција, туку ќе му бидат битни овие кулоарски работи кои е можно да постојат ако не се изнајде соодветно решение. Ова е прашање на кое навистина Владата треба сериозно да размисли во втората фаза и да даде предлог кој ќе овозможи хиерархиска поставеност во Јавното обвинитеслтво, истовремено јакнење на позицијата на јавниот обвинител не не во недозволени рамки, туку во рамки пропишани со Уставот, за да може од јавниот обвинител да се бара одговорност и да се бара законита работа.

Тоа е изборот. А какво е разрешувањето? Добро е, барем тие одредби од Законот за судови кои сте ги препишале таму имавме голема мака додека да го дефинираме, бидејки претходно не беше добро дефинирано, постапките за дисциплинска одговорност и за нестручно и несовесно работење, но сега еве се дефинирани, но непостигнувањето резултати што е новина сега во овој закон што вие го воведувате на јавниот обвинител како моженост да биде разрешен. Морам да ви кажам дека ова не сум го сретнала никаде, најмалку на начин како што е предвидено во овој Предлог за донесување на закон со формирање посебна комисија која ќе ја утврдува одговорност, а односно која ќе работи на утврдување на тоа како работел јавниот обвинител и дека не постигнал резултати во својата работа. Ако знаеме дека реформите се водат или се водеа, сега веќе не знам дали е така, под логото “да градиме заедно независно и ефикасно судство, да градиме независно и ефикасно Јавно обвинитеслтво” се издвои изборот од Парламентот, се одзема и се довери на Советот на јавни обвинители, веќе се довери на Судскиот Совет на Република Македонија, сега повторно имаме вклучување на властите во постапката за разрешување на јавниот обвинител. Видете сега еден парадокс. Во таа комисија дури е предвидено да членуваат, инаку Владата ќе ја избира таа комисија, обвинители. За каква независност тогаш зборуваме во обвинителството, каква е таа независност што ќе биде псотигната со изборот на обвинителите надвор од законодавната и извршната власт, изборот да се врши од страна на Советот на јавни обвинители, ако повторно се дозволи Владата со изборот на обвинителите во тоа тело да ги партизира обвинителите, дали некој ќе помисли или сеуште ќе верува во независноста на тој обвинител што е во таа владина комисија, кога Владата ќе го избере и ќе го стави за член на комисија која треба да ја утврди одговорноста, односно треба да го утврди непостигнувањето на резултати од страна на јавниот обвинител на Република Македонија. Почитувани колеги, ова е парадокс кој Република Македонија не смее да си го дозволи. Но познато е дека вие го менувате вашиот став во зависност од вашата позиција, па можно е да го направите ова и да се оглушувате од нашите сугестии. Со тоа ќе паднат во вода и сите анстојувања кои ги направивме во претходниот период за оттргнување на улогата на судиите во било каков процес поврзан со политиката и со другите власти и повторно ќе не вратите назад. А кои беа тие процеси? Еве, еден од нив е и изборниот процес. Да ве потсетам, на времето кога на почетокот на 2006 година се донесуваше Изборниот законик во Парламентот и кога претходната Влада настојувајки да биде доследна во своите определби за независност на судството, предложи судиите да бидат тргнати од изборниот процес за да бидат навистина независни во својата работа, да можат да се посветат и на ажурноста во судството, вие бевте најголеми противници плашејки се да се спроведе изборнио тпроцес од страна на јавната админситрација затоа што не и верувавте, но кога ги видовте резултатите од гласањето, тогаш за вас ништо не беше спорно, тогаш го прифативте изборниот процес. Еве и сега, по не знам кој пат, по не знам кое прашање веќе не, го сменивте својот став во зависност од улогата во која што се наоѓате. Но јас овде зборувам за нешто друго, за нешто повеќе од тоа што се нарекува партиски интерес, за многу повеќе од тоа што се нарекува личен интерес на поединец, на институции, туку зборувам за интересите на Република Македонија. Не смеете да дозволите кога ја имате власта во раце Република Македонија во процесите да се враќа назад. Тоа што е зад нас треба да го оставиме зад нас, треба да продолжиме да одиме напред, да ги градиме процесите согласно европските стандарди, затоа што со популизмот кој го користите сега можеби ќе бидете соочени да го признаете во одреден момент и резултатот од тој популизам, бидејки ако не се соочите сега со реалноста која што постои ќе морате да се соочите во моментот кога ќе го добиеме извештајот на Европската унија од 2007 година, во кој ќе бидат образложени реформите во правосудниот систем за овој изминат период. Ако во 2005 и 2006 година имавме навистина само позитивни оценки за напредокот на реформите во судството, ќе треба да се соочите со констатацијата дека со ваше водство Република Македонија овие процеси ги запре. Ова е последен момент, иако веќе доцниме и овие изминати 8 месеци нема да останат незабележани, но ова е последен момент кој може да го искористите за да се вратите на вистинската насока, заради тоа што може во моментот да го користите како аргумент, за кратко ќе исчезне. Уште се возите на грбот на постигнувањата од претходната Влада и тоа за кратко ќе трае. Ќе мора да се соочите потоа само со она што смаостојно вие сте го направиле, затоа што можеме да стоиме во место ќе мора да одиме напред, а тоа ќе биде во интерес и на правосудните институции, но и на граѓаните кои ги остваруваат своите права во оваа постапка. Се надевам дека тоа што ќе биде кажано од страна на пратениците, барем ќе биде прочитано од страна на на оние кои го изготвуваат законот, а најдобро би било ако дел од овие наши забелешки бидат вградени во текстот на законот, за да можеме сите заедно законот во втората фаза да го донесеме со двотретинско мнозинство гласови. Има и многу други прашања, но ќе оставам простор за тоа да говорат и колегите, прашања кои сметам дека се важни за овој закон, но секако, до колку остане нешто некажано ќе си ја допуштам можноста повторно да се јавам за збор само со цел да помогнам во овој процес кој треба да биде заеднички, кој не треба да го гледа самостојно, бидејки успесите кога ќе се достигнат се заеднички, тоа е успех на нашата држава, а ако пропуштиме нешто, ако се направи пропуст и ако се враќаме назад, тогаш одговорноста е на власта. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави пратеникот Анета Стефановска, повелете вашите три минути.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, почитувана колешке,

Навистина сум непријатно изненадена од вашата дискусија и точно ќе кажам зошто. Добро ја следев и на почетокот рековте дек аова е општа расправа по законот за Јавно обвинителство каде што треба да се потврди потребата или непотребата од негово донесување. Но вие се задржавте повеќе од еден час со вашата дискусија, се знае со која цел, да го одолговлекувате донесувањето на законот. Вие не требаше да се впуштате во овој дел од општата расправа поединечно по членови, бидјеки вие добро знаете, дури и од мене подобро што требаше да се дискутира во општата расправа.

Второ, дека Министерстовот и министерот врши популизам, каков е тој популизам кога имаме факт пред нас кој говори дека имаме закон за Јавно обвинителство и по него расправаме. За каков популизамне занм говорите.

Трето, толку многу време помина велите, скоро 8 месеци, а во Уставниот закон за спроведување на уставните амандмани беше предвидено Законот за изменување и дополнување на Законот за Јавно обвинителство да биде донесен во рок од 9 месеци, а од ваша страна од вашата Влада и од вас не беше направено ништо. Ние го носиме само за 8 месеци и вие понатаму одите сонекакви претпоставки. Што ќе се случеше ако Владата не се зафатеше веднаш со овој закон, колку месеци ќе поминеа 18, 20 и т.н. Значи вие одите со некакви претпоставки, прогнози и предвидувања паушални кои навистина не ви доликуваат да ги искажувате. Да го споредам тоа со една поговорка: Ако паднеше теслата, ќе го отепаше детето, ама теслата не падна и детето не го отепа. Фактите и аргументите зборуваат пред нас. Ние имаме тука пред нас закон по кој веќе расправаме и факт е дека оваа Влада и нашиот амбициозен министер го донесе овој закон тука пред нас, ние веќе расправаме. Тоа е факт. Велите дека треба да се соочуваме со вистината и со реалноста, па се соочуваме со вистината и реалноста, нели законот е вистина и реалност. Вие не се соочувате со реалноста. Не е добро колешке, бидејки вие на нас не ни правите ништо тука ниту на Владата, вие негативно правите само за граѓаните и за нашата држава. Затоа ви препорачувам подобро да се однесувате, а целта ви е само да го одолговлекувате законот, ништо друго не ви е целта. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Пред тоа сакам да ве исправам, правите грешка во еден фактицитет, не исправам интерпретации, само фактицитети. Госпоѓата Младеновска не говореше еден час, таа говореше 50 минути. Сакам исто да ви кажам дека според нашиот Деловник говорот не е лимитиран во време, иако една седница чини околу 18 иљади евра.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Не е прв пат во Парламентот и кога се зема збор и кога се јавуваат колегите за дискусии кај нив да доминира личната димензија во обраќањето спрема другите коелги, но јас во моите настапи не го користам тоа. Но бидејки беше споменато одолговлекувањето, морам да споменам овде кој одолговлекува. Оваа седница е 36-та седница и кога пратениците од опозицијата баравме да бидат први точки Законот за Советот на јавни обвинители и Законот за Јавното обвинителство, тогаш вие почитувани колеги од мнозинството не надгласавте дека приоритет има Законот за средно и основно образование. Но ние трпеливо чекаме, 8 месеци го чекавме законот, ќе почекаме и сега. А на денешната седница во 10,30 часот, кога тука беа во салата пратеници од опозицијата, немаше претставници ниту од мнозинството, ниту од Владата, ниту претседавачот, па бевме принудени да чекаме со 20-тина минути задоцнување да се започне седницата, затоа што ние немаме друга поинаква можност.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господинот министер за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Деловничко право е на пратеникот да говори така како што мисли да говори, некои пратеници говорат повеќе, некои помалку, некои разбирливо, некои неразбирливо, некои скокаат од една на друга тема па тешко можете нешто да разберете од сето тоа. Меѓутоа, од дискусијата на пратеничката Мери Младеновска Ѓорѓиевска разбрав дека таа го подржува Предлогот за донесување на законот за Јавното обвинителство и секако делот кој се однесува на законот, мислам дека тука никакви забелешки не стави освен одредени укажаувања во однос на стажот кој треба да го има јавниот обвинител или бил изедначен со оној на судијата но тоа се други работи. Ова што сакам да ви го кажам, пратеничката Мери Младеновска Ѓорѓиевска чини очајнички напори да ја оправда својата одговорност, заради тоа што го прекрши Уставот и не донесе закон за изменување и дополнување на Законот за Јавно обвинителство во рок од 9 месеци. Тоа е една работа со која не може да се пренебрегне ниту да се оправда - јас никаде не кажав нихилизам за претходната Влада, за недонесување на закони од претходното Министерство за правда кога бевте вие министер. Вие сега кажавте дека ние се занимаваме со извештај по кој постапуваме во врска со примената на тие закони. Да, точно е, се занимаваме со извештаи заради тоа што извештаите се многу значајни и многу сериозни за сериозен пристап кон функциите што треба да ги извршува еден орган како што е Владата. Кога веќе ја спомнавте Владата и концептот на

Владата, и концептот на Министерството, веројатно на тоа алудиравте, сакам сега да ви кажам овде отворено и јавно дека за овие неколку месеци, 5-6 месеци, тоа Министерство за правда подготви ни повеќе ни помалку туку 25 закони и тоа многу значајни закони од различни области, кои ќе дојдат во ова Собрание, кои поминаа и кои ќе дојдат.

Јас ве молам немојте сега со некаков нихилизам да се служите, со некакви мерки на популизам и т.н. Денес имаме конкретен закон, усогласен со многуте стандарди што ги вградивме во законот и сето ова што го говорите - еве, само да ви прочитам еден член. Вие рековте во членот 32 јавниот обвинител има доминантна позиција. Ве молам да прочитате каде пишува во членот 32 дека јавниот обвинител има доминантна позиција. Не пишува никаде. Јавниот обвинител за прашања од значење за остварување на функцијата на гонење, како и за прашањата од откривањето на кривични дела и нивните сторители ја раководи соработка и ги координира дејствијата. Каде има тука доминантна положба. Рековте дека во член 19 - не знам кој текст од законот го читавте - не е пропишано решение ако еден обвинител кој што треба да биде упатен го одбие барањето. Гледате дека во ставот 3 стои ако на огласот од ставот 1 не се пријави ниту еден кандидат, Советот на јавни обвинители на предлог на јавниот обвинител на Република Македонија времено ќе упати јавен обвинител за вршење на таа функција. Ве молам да ги гледаме одредбите, политиката да ја оставиме сега на страна, ние говориме конкретно за закон, меѓутоа, за политиката може да се водат политички дебати, а овде водиме само стручни дебати во врска со примена на законите и донесување на законите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Претпоставувам реплика за пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** За ова што го споменавте почитуван минситер требаше да размислувате претходно ког аја водевте изминатите месеци вашата кампања како да ја зголемите личната популарност и популарноста на Владата и јас морав да констатирам, и сега да ви одговорам дека вие правите очајнички напори да ја убедите македонската јавност дека после 5 јули не е одговорноста за состојбите во Република Македонија ваша, туку дека некој друг тоа требало да го направи претходно.

Најдобро ќе ви беше да пишувате информации до Владата според кои ќе може да ги менувате државните службеници, да земате најразлични евиденции кои ќе овозможат реваншизам, а сите закони до 2010 година што треба да се изготват да беа изготвени од претходната Влада. Но, знаете дека тоа е невозможно и секој треба да биде одговорен за тоа што требало да го направи во својот рок. Претходната Влада ја исполни својата агенда со закони за кои беше пропишано дека треба да се донесат до 30 јуни, тоа го направи заклучно со 12 јуни и со закони од сферата на правдата заврши мандатот на претходниот парламентарен состав. Потоа беа изборите и сите други работи се во ваши раце од 5 јули наваму и вие одговарате. Но, не сакате да одговорите на тоа дека осум месеци ви беа потребни само за пет страници од овој текст што го имаме кој што претставува се на се пет страници се новина од постојните решенија што сме ги имале и во Законот за јавно обвинителство и во Законот за судови. За тоа навистина треба да одговорите дали се потребни, или беа потребни осум месеци, или пак во изминатиот период како што споменав и претходно се немаше концепт за да може да се направат тие пет страници. Точно, за некој можеби е тешко и пет страници да се напишат, ако не знаете во кој правец треба да се движат тие работи кои што треба да бидат законско решение. Но, одговорноста е ваша. Но, сепак, добро е што еве сега пред нас го имаме текстот на законот каков и да е, барем е во почетна фаза и сметам дека е позитивно тоа што ние пратениците од опозицијата се обидуваме не само формално да кажеме дека го поддржуваме Предлогот за донесување на законот и дека ќе гласаме за Предлогот, туку правиме опширна анализа на текстот и со одредби за да помогнеме при дефинирање на одредбите во втора фаза. Ние можеме да молчиме и да не даваме никакви предлози и само да го напаѓаме тоа што е предлог на Владата. Но, ние сме избрале поинаква активна позиција во дефинирање на законските одредби. И токму затоа допуштаме да кажеме забелешки и да дадеме сугестии за да може на крајот, како што споменав, сите да сме задоволни од тоа што ќе имаме нов закон кој треба да се донесе со 2/3 мнозинство.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван министер за правда. На почетокот сакам навистина да го изразам задоволството што конечно разговараме за овој пакет на закони на денешната седница и за Предлогот за донесување на законот за јавно обвинителство и за Предлогот за донесување на закон за Совет на јавни обвинители на Република Македонија, закони кои што се потребни на правниот систем во Република Македонија, закони што се бараа да бидат донесени и во претходниот период, онака како што впрочем предвидуваше и Уставот на Република Македонија, закони кои што постојано отвораа дебати про и контра во ова Собрание по повод други прашања кои што се регулирани пред се изборот на јавниот обвинител и разрешувњето и тн. Можам да констатирам дека ако прво ги разгледувавме ваквите закони немаше да дојдеме во таква позиција во која што дојде Собранието, а воопшто и Република Македонија при разрешувањето и изборот на јавниот обвинител на Република Македонија. Навистина мислам дека без разлика на причините дали се тоа

објективни, или субјективни причини, Република Македонија до овој период спротивно на Уставот немаше донесено закон за јавното обвинителство, ниту пак роковите за негово донесување беа продолжени. И со тоа мислам дека и неколку пати укажував впрочем во претходните расправи дека се однесувавме во овој период несериозно при подготовката, односно недоставувањето на ваквиот закон во Собранието на Република Македонија. И од тука произлегоа сите причини кои што произлегуваа од дебатите во Собранието по повод на други прашања кои што се однесуваа на оваа сфера од правосудството, закони со кои што ги заокружувавме, или барем ги дозаокружуваме реформите во правосудството кои што започнаа, кои што се одвиваа, кои што добиваа позитивни оценки од Европската комисија и реформи на кои што впрочем се должеше и еден сегмент, односно еден голем сегмент во делот на добивањето на кандидатурата за членство на Република Македонија во Европската унија. Таков тренд очекувам да продолжи, мислам дека со денешната расправа на овој закон како Предлог за донесување на закон во прва фаза ќе можеме да ги искажеме нашите забелешки и ставови за она што и како мислиме дека треба да се конципира оваа институција во Република Македонија, како и на кој начин треба да функционира јавното обвинителство, како и на кој начин ќе го зајакнеме капацитетот на институцијата јавен обвинител и на јавниот обвинител воопшто на Република Македонија, заради тоа што е преку потребно за ефикасна и успешна борба против организираниот криминал и корупцијата, заради тоа што досега постојано наназад во овие 16 години истакнувавме дека токму слабостите што се однесуваа на јавното обвинителство, преголемата политизација која што беше во оваа сфера придонесуваше овој процес на ефикасна борба против организираниот криминал и корупцијата не биде спроведен на начин на кој што посакуваа граѓаните на Република Македонија. Меѓутоа, не е ниту на начин и според оценки кои што ги посакуваат и оние кои што не набљудуваат во овој момент за приближување кон евроатлантските структури. Затоа реков дека денеска на оваа расправа можеме слободно без некакви предрасуди, без многу тензии, аргументирано да ги ставиме нашите забелешки. Очекувам дека министерот и Владата дел од тие забелешки ќе прифатат се во функција да имаме закон кој што ќе биде добар, закон кој што ќе биде применлив и закон кој што ќе одговара на очекувањата кои што ги имаат граѓаните на Република Македонија, од нас, а посебно во делот на борбата против организираниот криминал и корупција.

Во однос на содржината на законот, јас ќе говорам на четири теми, односно на четири пункта ќе се засноваат моите забелешки кои што се во тек на законот, пред се во делот на јавното обвинителство за гонење на организираниот криминал, изборот на јавниот обвинтиел и јавните обвинители и разрешувањето, како и во однос на јавно обвинителската служба и тн. Мислам дека во делот што се однесува до формирањето на јавно обвинителство за гонење на организираниот криминал како организацијата на јавно обвинителство, мислам и убеден сум дека на овој начин треба да размислиме, дали не ги рушиме принципите на хиерархија и субординација во јавното обвинителство, заради тоа што според структурата како е поделено јавното обвинителство, значи на јавно обвинителство на Република Македонија, вишо јавно обвинителство, јавно обвинителство за гонење на организираниот криминал и корупција и основното јавно обвинителство. Ако детално ги анализираме надлежностите и принципот на авокацијата во делот на јавното обвинителство, ќе ни стане јасно дека немаме директна хиерархија и субординација во овој сегмент на институцијата. И затоа се поставуваат многубројни прашања кои што произлегуваат во однос на функционирањето на ова јавно обвинителство. Мислам дека досега формираното Одделение за организиран криминал и корупција треба да се унапредува, треба да се зајакнува, меѓутоа како Одделение во склоп на јавното обвинителство кое што ќе биде, не како посебно јавно обвинителство. Заради тоа што, ако правиме посебно јавно обвинителство за гонење на организираниот криминал и корупција, навистина мислам дека не ги зајакнуваме капацитетите на јавното обвинителство, ниту пак позицијата на јавниот обвинител. Напротив, мислам дека слабее позицијата на јавниот обвинител на Република Македонија и воопшто на јавното обвинителство. Тоа реков и подетално можеме да го видиме и во членот 16, во ставот 5 каде што стои дека јавниот обвинител за гонење на организиран криминал и корупција во согласност со јавниот обвинител за гонење на организиран криминал и корупција може да овласти основен јавен обвинител да презема определени дејствија во случаи кои во почетна фаза биле започнати од основниот јавен обвинител, случаи за кои објективно се претпоствува дека е потребно подолго време да се преземат одредени дејствија на подрачјето на основниот јавен обвинител и случаи кои не се особено сложени во текот на формирањето на ова јавно обвинителство. Меѓутоа, имајќи предвид дека јавното обвинителство за гонење на организираниот криминал се формира за територија на цела Република Македонија со седиште во Скопје, тогаш навистина се поставуваат многубројни прашања во делот на превземањето на надлежностите, во делот на одговорноста на овој јавен обвинител пред јавниот обвинител на Република Македонија, дали ако претходно во структурата во членот 12 стои дека е пред основниот јавен обвинител, дали основниот јавен обвинител би одговарал пред нив и тн., за да строго ја запазиме субординацијата и хиерархијата. Секако дека, не. Од ова не произлегува така. Мислам дека ќе формираме внатре во јавното обвинителство паралелен систем кој што директно ќе ја наруши позицијата

на јавниот обвинител и можат да ни се случуваат некои несакани последици во делот на гонењето на токму организираниот криминал и корупција што ќе биде во спротивност со заложбите и на Владата кои што се истакнуваат и на Собранието на Република Македонија. Токму заради тоа ова како една од забелешките, впрочем и забелешките кои што се дадени од Здружението на јавни обвинители на Република Македонија стои дека треба децидно да биде зајакнат капацитетот на институцијата јавно обвинителство, да го јакнеме капацитетот и на Одделението за организиран криминал и корупција, меѓутоа никако да формираме паралелна институција внатре во рамките на ова. Веројатно тоа произлегува од најавите кои што ги имаше ВМРО-ДПМНЕ и премиерот при формирањето на Владата дека ќе можеме да донесме лице странец за јавен обвинител за организиран криминал и корупција. Изјава која што веројатно и заложба не беше до крај проверена од правна доследност. Тоа впрочем заради неговото искуство веројатно министерот добро го препозна и не го коментираше претходно. И јас и не очекувам нешто друго да кажеше во тој дел, меѓутоа тоа го сфатија и граѓаните на Република Македонија дека од таа работа не може да биде ништо, не може да дојде јавен обвинител кој што ќе влезе во правниот систем на Република Македонија без разлика дали ќе му дадете државјанство, или било што, заради тоа што правосудниот испит кој што се полага во Република Македонија ќе го немаше положено и еден од условите немаше да биде исполнет. Мислам дека на овој начин сакаме да направиме некој микс од таа идеја на ВМРО-ДПМНЕ да излезе дека ги исполнил очекувањата на граѓаните во делот дека странци во Република Македонија ќе можат многу подобро да раководат со многу структури, па токму и во делот на организираниот криминал и корупција, на тој начин да постигнеме ефикасност. Добро е што тоа не се успеа, меѓутоа лошо ќе биде ако тргнеме од таа заложба па да направиме јавно обвинителство кое што ќе ги наруши принципите на субординација и хиерархија и на тој начин и капацитетите на обвинителството и воопшто на јавниот обвинител на Република Македонија ќе бидат на едно ниско ниво што нема да биде во корист на граѓаните на Република Македонија.

Предвидувањата исто така за мене дискутабилно е во однос на извештајот на јавниот обвинител да биде доставуван и до Врховниот суд на Република Македонија. Тоа го прифаќам единствено како следење на криминалитетот во Република Македонија, заради тоа што тоа се две институции кои што немаат допирни точки во делот на хиерархијата, или пак во делот на функционирањето, ако се однесува само на следењето на криминалитетот на никакво друго мешање во работите на јавното обвинителство навистина треба, и може да биде прифатливо.

Во делот на доставувањето на извештајот во членот 24 ставот 2 стои: “Пониското јавно обвинителство, извештајот од ставот 1 на овој член го доставува до непосредно повисокото јавно обвинителство”. Тука е моето прашање. Ако во структурата и организацијата на јавното обвинителство, основно јавно обвинителство, па стои јавното обвинителство за гонење на организиран криминал, па вишото и јавниот обвинител. На кого ќе доставува извештај основното јавно обвинителство? Тука се нарушува принципот на хиерархија. Ова го кажувам како пример. Значи, на повисокото, ако е повисокото јавно обвинителство, односно вишото јавно обвинителство и јавниот обвинител на Република Македонија, тогаш прашувам каде е местото на јавниот обвинител за гонење на организираниот криминал? Не е значи после основното јавно обвинителство, не е ниту испод вишото јавно обвинителство, туку сосема паралелно директно под јавниот обвинител на Република Македонија. Па понатаму во текстот ќе видиме дека одредени работи, јавниот обвинител во Република Македонија само се известува, не се бараат одредени, при делегирањето на надлежности и тн.

Во членот 26 тоа се обработува. Ставот 1 вели: “Јавниот обвинител на Република Македонија согласно закон може да преземе кривично гонење и вршење на одделни работи за кои е надлежен вишиот јавен обвинител, или основниот јавен обвинител, или да ги овласти да водат постапка по одделни предмети, или да вршат определени работи од надлежност на друг виш, или основен јавен обвинител”. Вишиот јавен обвинител може да преземе кривично гонење за одредени предмети за кои што е надлежен основниот јавен обвинител од подрачјето на тоа вишо јавно обвинителство, или да овласти основен јавен обвинител од подрачјето на тоа вишо јавно обвинителство. Меѓутоа, тука го немаме јавниот обвинител за гонење на организираниот криминал. И тука мора децидно да го разработиме ова прашање. Дали ќе имаме јавен обвинител за гонење на организиран криминал за одредено подрачје на Република Македонија, за одредено подрачје на суд, основен, или на апелационен суд, во делот на двостепеноста како и на кој начин ќе се одлучува и тн., кој ќе ја врши контролата за да има ефикасност во работата. Тоа се прашања на кои ќе мораме да најдеме одговори, прашања кои што ќе бидат постојано поставувани и во јавната расправа од страна на стручната и научната јавност во Република Македонија, а тоа се прашања кои што се отворија дури и пред формирањето на Владата и во изборната кампања по предлогот за странец јавен обвинител за овој дел, мислам дека таквите прашања треба да се доодговорат, да се кажат причините зошто ВМРО-ДПМНЕ и Владата се откажа од концептот за странец јавен обвинител во Република Македонија како што се откажа и за некои други раководни лица странци во Република Македонија, еве за Фондот за здравство, дали се тоа аргументите кои што и тогаш укажувавме ние како СДСМ дека не е возможно во првиот поредок една таква работа.

Реков, за овие прашања би требало да даде некој друг подетално од Владата, а не министерот за правда, заради тоа што тој јавно, односно премолчно кажа дека тоа не е можно.

Во делот на гонењето, ова што сега се презема во предистражната и истражната постапка и во делот на овластувањата, навистина треба да ја видиме суштината, да го најдеме одговорот и на прашањето кое што мене ми се поставува за членот 54 дека ги има во остварувањето на функцијата на гонење на сторителите на кривични дела и прекршоци, јавниот обвинител ги има сите овластувања на Министерството за внатрешни работи и другите државни органи за откривање на кривичните дела и нивните сторители. Дали е можно да ги има јавниот обвинител сите овластувања на министер и на орган на државна управа, едно прашање. Дали немаме судир на надлежности во делот на јавното обвинителство и соодветниот орган, или министерство во Република Македонија, дали нема да дојде во конфузија и колизија во однос на функционирањето на овие институции. Тоа се прашања кои што заслужуваат одговор, да се дадат пред граѓаните и пред се пред оние кои што работат во овие институции заради спроведување на постапката. Дали на ваков начин нема да ја доведуваме во криза постапката, или одолговлекување постојано заради одредени нејаснотии, или заради тоа што ќе постои судир на надлежности во двете.

За мене е прифатливо јавниот обвинител да раководи со предистражната и истражната постапка. Сите оние потребни човечки ресурски, материјални докази итн., се што е потребно да биде користено од страна на Министрството, меѓутоа со директна команда на или наредба на луѓето кои што раководат со одредено Министерство. Не може јавниот обвинител да преземе сите овластувања на Министерство за внатрешни работи. Тоа подразбира сосема нешто друго.

Во однос на именувањето и избор на јавниот обвинител тоа е значи именувањето е едно од вторите прашања што сакам да го потенцирам овде. Наша заложба е да јавниот обвинител во Република Македонија зборам заложба на Владата со овој предлог да остане изборот во Собранието на Република Македонија по предлог на Владата, имајќи предвид дека јавниот обвинител е заложен да го штити правниот поредок во Република Македонија, за мене е можеби логично и прифатливо да изборот го врши Собранието на предлог на Владата на Република Македонија. Јавниот обвинител на Република Македонија.

Меѓутоа тоа мора да биде со двотретинско мнозинство, за да се постигне значителен консензус или значителна степен на согласност во Собранието на Република Македонија околу личноста јавен обвинител. Да не ни се случува како до сега 16 години да ни се повторува истата работа без аргументи и без образложение да биде именувано одредено лице за функцијата јавен обвинител, после сменувањето на власта исто така без образложение со една флоскула или одредба која што и овде стои еден од условите, оценка на неговата работа, да биде предложен за промена во Собранието на Република Македонија исклучиво од политички побуди. Тоа се правело до сега. Никако поради нестручност или некомпетентност заради тоа што никој тоа не го утврдувал, освен политичката елита на власт во дадениот момент дека тоа лице не е подобно за јавен обвинител во Република Македонија. Тоа не е добро ниту за владеачките структури, тоа не е добро ниту за опозицијата, ниту пак воопшто за граѓаните на Република Македонија и за Република Македонија.

Сега е шансата кога можеме ние како Парламентарен дом, како многу одговорности што преземаме во овој период, односно други законски решенија и тука земаме одговорност со која што ќе го реформираме овој систем, ама да го реформираме до крај на јавното обвинителство и тогаш можеме да кажеме дека имаме зајакнати капацитети во јавното обвинителство, јавно обвинителство кое што ќе работи по мерка на законите и Уставот во Република Македонија и по мерка на граѓаните, а не по мерка на политички елити или по мерка на нивното водство.

Заради тоа досега имавме многу бројни афери кои што не беа до крај расчистени, многу бројни скандали, корупциски, кои стојат по фиоките на јавните обвинители во општините и во Република Македонија, јавни обвинители кои беа бирани со потпис и печат на претседателот на политичката партија на локалниот огранок или на централно ниво, заради тоа никој не ја сфаќаше сериозно оваа позиција. Секој оној кој беше припадник на партиите на власт, во самата потсвест беше слободен заради тоа што неговиот човек нема да покрене обвинение или ќе ја поведеме постапката, ќе го чуваме добро во фиока, а некој друг, реда-ради ќе правиме спектакуларни апсења во Република Македонија за да покажеме дека се бориме против организираниот криминал и корупција и од тоа на крајот да нема пак ништо.

Заради тоа мислам дека двотретинското мнозинство при изборот на јавен обвинител е вистинското решение што треба да го направиме во овој период, да се ослободиме од партиските стеги и со поголем степен на согласност во Собранието да се избираат. Тогаш до израз ќе дојдат аргументите, до израз ќе дојде квалитетот во избор на јавниот обвинител и во делот на именувањето и во делот на разрешувањето. Тогаш никој не може да залепи никаква етикета ниту на партиите од парламентарното мнозинство и од власта или на оние кои доаѓаат на власт дека од полирички причини се менуваат јавните обвинители. Јавните обвинители ќе можеме да ги менуваме исклучиво врз основа на аргументите и оценка на нивната работа. Ама вистинската оценка на работата, а не оценка како што правевме до сега. Во вистинска смисла на зборот, а не дали оваа или претходната Владата, кои сите до сега правеа оценка исклучиво врз основа на

политичката подобност и политичката елита во дадениот момент.

Тоа, господин министре треба сериозно да го разгледате како прашање што СДСМ ќе го поддржува за избор на јавен обвинител на Република Македонија. Нека биде од Собранието, нека биде на предлог на Владата, меѓутоа со двотретинско мнозинство. На тој начин ќе ги постигнеме овие квалитети што претходно ги кажав.

Додека, другите јавни обвинители да се бираат од редовите на Советот за јавни обвинители, каде што тоа е нова институција што ја воспоставуваме токму поради поголема независност и јакнењето на капацитетите на Јавното обвинителство.

Мислењето што треба да се даде при изборот на јавен обвинител на Република Македонија од страна на Советот, ако јавниот обвинител во Република Македонија се бира со двотретинско мнозинство и ќе биде зависно од волјата на повеќе политички партии во Собранието на Република Македонија, мислам дека многу посериозен пристап ќе имаме и кон мислењето што го дава Советот на јавни обвинители како институција составена токму од стручни и компетентни луѓе, луѓе од фелата, луѓе кои работат во обвинителството и нема да стои одредба во која што мислењето ќе биде позитивно или негативно. Ако биде негативно, ќе кажеме зошто е негативно. Секогаш можеме да најдеме причини и изговор зошто треба да биде негативно ова мислење. Меѓутоа, треба малку да искажеме почит преку одредени норми кон Советот на јавни обвинители, нивното мислење да биде почитувано до онаа мерка до која што треба да биде почитувано, почитувано во делот на искажувањето на стручни, квалитативни оценки за личноста што се бира за јавен обвинител, а тоа ќе се постигне само преку консензус во Собранието на Република Македонија. Не преку бројот на парламентарното мнозинство или бројот на пратеници кои ќе притиснат за, без да размислуваат за овие квалитети што ги говориме.

Во делот на изборот на јанви обвинители, навистина јас имам дилема, тоа ќе го кажам и во однос на Советот на јавни обвинители, дали министерот за правда треба да биде член на Советот за јавни обвинители, заради тоа што е член и на Судскиот совет, и на Судско буџетскиот совет, во Управниот одбор на Академијата на обвинители и судии. Мислам дека се концентрира преголема моќ, без разлика кој е министер за правда во одреден момент, па се случува да министерот за правда се пречекува дури на улица при доаѓање на седниците при одредени институции и при изборот или се свикува седница по барање на одредени институции.

Сето тоа укажува на силен притисок што го правиме во судството и не ги остварува заложбите на Република Македонија да имаме независно судство, туку само декларативно, пишано на хартија, истото тоа може да се случи и со Јавното обвинителство, заради тоа што и јавниот обвинител е член на Советот на јавни обвинители, ќе биде еден од оние кој им е директно претпоставен на членовите на Советот на јавни обвинители и директно преку него, со ваквиот начин на избор на јавен обвинител на Република Македонија, со просто мнозинство, со мнозинство што се обезбедува од парламентарното мнозинство, односно политичката гарнитура што е на власт, ќе има влијание политиката на Владата во изборот на јавните обвинители, што не е интенција, барем декларативно како што се кажува овде.

Меѓутоа, суштински и фактички, состојбата ќе биде таква да преку присуството, при изборот на јавни обвинители во Република Македонија навистина пресудно влијание ќе има јавниот обвинител на Република Македонија, директно под влијание на Владата на Република Македонија. Тоа е повеќе од очигледно.

Кога сме кај изборот на јавни обвинители, и во преодните и завршните одредби на овој закон, се востановува што ќе се случи и понатаму после донесувањето на овој закон со замениците јавни обвинители, ќе станат јавни обвинители, кој каде ќе биде разместен, меѓутоа имаме според Законот за јавно обвинителство сега, изборот на јавни обвинители, дел од нив што беше направен е направен со траен мандат. Не како што има до сега мандат, има дел од обвинители кои се избрани со траен мандат.

Тука се поставува прашањето дали ќе имаме генерален реизбор на јавните обвинители во Република Македонија или овие кои се избрани со траен мандат ќе продолжат да ја вршат функцијата јавни обвинители во Република Македонија. Тоа, сакам да кажам е исто така прашање што треба да биде одговорено.

Делот на условите што треба да бидат исполнети за едно лице да биде именувано за јавен обвинител на Република Македонија, десет или 12 години, зависно од тоа дали работел во Јавното обвинителство или на други правни работи каде има утврдено резултати, со положен правосуден испит.

За виш јавен обвинител осум години, или десет години, додека за јавниот обвинител на Обвинителството за гонење на организиран криминал и корупција се предвидени шест години исто како и за основниот јавен обвинител.

Имајќи го предвид значењето на овој сегмент од обвинителството, ако веќе го правиме како обвинителство што не припаѓа во субординацијата и хиеархијата или на начин како ние ќе го средиме да биде подпаднат под овој принцип на субординација и хиерархија мислам дека е малку шест години. Би требало да биде осум години со работно искуство, затоа што не може да биде изедначен со Основното јавно обвинителство. Мислам дека поголем број години на стаж и искуство е потребно пред се заради кривичните дела што се однесуваат на организираниот криминал и корупција, па ќе се бара едно такво поголемо искуство, со што ќе се

даде важност токму на овој сегмент во Република Македонија.

Заради тоа говорев на почетокот дека постојано, структурата, организацијата во Јавното обвинителство, токму во Обвинителството за гонење на организираниот криминал ќе имаме различни места во хиерархијата за земање во однос на различните норми, да овде токму во условите го ставиме или изедначиме на најниско можно ниво по годините на стаж.

Во однос на престанокот на функцијата или разрешувањето на јавниот обвинител односно јавните обвинители мислам дека немаме некои значајни промени и новини кои ќе ги задоволат интересите на граѓаните на Република Македонија, со што ќе покажеме дека сакаме да направиме чекор напред кон зајакнување на овој орган и условната независност во Република Македонија, заради тоа што се согласувам дека јавниот обвинител не може да биде сосема независен како што е судството. Меѓутоа, во делот на разрешувањето на јавниот обвинител на Република Македонија навистина остануваат истите норми, истите одредби во делот на постапката и во делот на условите за разрешувањето, каде што  навистина имаме оценка за неговата стручност и компетентност, многу субјективна причина, што може субјективно да се толкува. Причина, намерно ставена во овој закон за Јавно обвинителство за да можеме понатаму да го практицираме, истиот м одел што го практициравме во претходниве 16 години во Република Македонија. А, да соопштуваме дека сме за реформи во овој дел на јавното обвинителство. Мислам дека тоа не е интенција и не се гледа од одредбите на овој закон.

Повторно, мислењето на Советот за јавни обвинители не игра улога во делот на разрешувањето, туку се формира посебна комисија од седум членови од страна на Владата на Република Македонија, да го оцени работењето, законитоста, успешноста, ефикасноста во делот на јавниот обвинител.

Повторно ќе имаме расправи какви што ги имавме и на почетокот на овој мандат и на почетокот на претходниот мандат и на почетокот на мандатот од 1998 година. И восите мандати наназад, кога ќе се дојде со три реда образложение дека тој и тој треба да биде разрешен од функцијата јавен обвинител, без некои посебни причини. Единствената причина не е близок до ВМРО ДПМНЕ или до СДСМ, не е близок до оваа или онаа  коалиција што во моментот е на власт и на тој начин упатуваме порака до властодрשците во тој момент во Република Македонија на таков начин да се однесуваат. Нема упатување на јасна порака дека сме за ефикасна борба против организираниот криминал и корупцијата ако вака продолжиме.

Повторно, на предлог на таа комисија ќе се поведе постапка во Собранието за разрешувањето, ќе се разреши и пак ќе се именува партиски подобен јавен обвинител на Република Македонија, кој понатаму, преку влијанијата што ги има во Советот за јавни обвинители, исто така ќе ја подели целата оваа служба кон ова што го говорев претходно.

Тоа имавме можност и до сега да го водиме. Ќе имаме можност да покажеме во наредниот период дали е навистина така. Навистина би сакал многуте кривични пријави во фиоките на Јавното обвинителство на Куманово да ги видам процесуирани, што не се процесуирани и од 1998 година стојат некаде длабоко во фиоките на јавниот обвинител кој припаѓа на редовите на ВМРО ДПМНЕ. Без исклучок, на ниту еден припадник на политичка партија или за ниту еден граѓанин кој сторил кривично дело.

Излегоа многу чисти, без никакви хипотеки, со многу добра работа, иако целиот град знае за криминално работење. Меѓутоа, основен услов за непокренување на постапка, за обвинение, беше големата и доро затворена фиока на јавниот обвинител на Куманово. Тоа го знаат граѓаните на Куманово, очекувам овде навистина а се покаже сенс во делот на функционирањето и на тој начин да ме убедите и мене, но и граѓаните на Куманово дека имаме обвинителство што ќе биде по мерка на декларациите што ги искажуваме за борба против криминалот и корупцијата, а не обвинителство по мерка на структурите на власта во Република Македонија, во било кој период. Тука мора да имаме јасна позиција во однос на мислењето на Советот на јавнио обвинители и за разрешувањето, пандан на она што го говорев претходно во делот на именувањето, да именувањето и разрешувањето биде со двотретинско мнозинство. На таков начин да се заштити. Во спротивно нема потреба да стои дека јавниот обвинител на Република Македонија има мандат од шест години. Не е потребен мандат од шест години. Многу подобро е за ВМРО ДПМНЕ и за Владата на Република Македонија да се стави дека има мандат од четири години. Па по истекот на мандатот, мандатниот период, кога се на власт, да може слободно да се смени и јавниот обвинител во Република Македонија.

Ако ставиме дека јавниот обвинител има мандат од шест години, се со цел да има континуитет и две години во следниот мандатен период, имајќи предвид, односно не знаејќи која ќе биде следната власт во Република Македонија, но со одредбите што се претходно ставени за субјективната оценка на неговото работење и мнозинството при изборот во Собранието, таа одредба паѓа во вода.

Така што, ако не се прифати, господине министре, во делот на изборот да се применат вакви механизми какви што ги предлагаме, тогаш дајте, ставете го манатот да биде четири години. Тогаш ќе биде јасна позицијата на ова Собрание. На Влаата. Видовме дека имаат таква позиција. Меѓутоа и на ова Собрание дека ние сме не за стручни и компетентни, туку за партиски подобни кои ќе бидат на оваа позиција јавен обвинител во Република Македонија, еден од најважните. Впрочем и во вашето излагање и во сите пишани

документи и во сите извештаи што ги имаме од Европска унија, кажуваме дека најголемиот или врвен проблем, приоритет е ефикасната борба за справување со организираниот криминал и корупцијата. Мислам дека овој проблем најмногу ја забави Република Македонија во нејзиниот напредок кон Европска унија.

Сега имаме дополнително обврска и дополнително одговорност заради тоа што сме и кандидати за членство во Европска унија. Сите од нас очекуваат да одиме со многу поголеми чекори напред. Не мора да се сто. Но да правиме два крупни чекори, квалитетни чекори во текот на годината, тоа ќе се оцени позитивно во делот на добивањето на поканата во овој дел.

Мислам дека сите овие забелешки што ги искажавме во делот на Јавното обвинителство, реков на почетокот, задоволство е што воопшто разговараме за овој закон, иако е задоцнето, не сакам да расправаме и во однос на тоа кој е крив помалку или повеќе во делот на таквата работа.

Имаме поделено одговорност во недонесување и непочитувањето на Уставот, меѓутоа, добро е што денеска разговараме, добро е што ги искажуваме сугестиите и забелешктие. Очекувам дека не само од оваа парламентарна расправа, туку сите сугестии што ќе произлезат од стручната, научната јавност во Република Македонија и воопшто од граѓаните за градење на оваа институција во Република Македонија по мерка на оние декларации кои што ги кажуваме за Јавното обвинителство кое ќе биде независно и директно ставено во функција на заштита на правниот поредок на Република Македонија. Верувам дека ќе бидат земени предвид, очекувам дека господине министре ќе ни понудите една верзија која што ќе биде токму во овие насоки и на крајот сите заедно да констатираме дека имаме закон кој што е прв во Република Македонија, кој што ќе има значење такво какво што посакуваме сите ние, а најмногу граѓаните на Република Македонија, закон кој што ќе регулира една институција, што ќе покаже дека нема дискриминација, нема пол, вера, раса, ниту политичка припадност, ова последното најмногу во делот на штитењето на одредени криминални структури и тоа дека ќе го покажете на дело со некои кривични пријави кои што длабоко стојат во фиоките. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претреседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Од вчерашниот ден отворивме расправа за еден многу важен, исклучително важен закон, закон со кој ќе се јакнат капацитетите на правната држава на Република Македонија, закон кој што во основа треба да ги штити правата и слободите на граѓаните, доколку тој се применува, така како што се дефинирани голем дел во одредбите од овој закон. Меѓутоа, во овој закон со примената на некои одредби, исто така, се ограничуваат правата и слободите на граѓаните.

Мислам дека се работи за многу сложен закон и затоа треба да има расправа и затоа треба пратениците посебно оние кои што ги познаваат работите сврзани со работата на органите надлежни за откривање, за гонење и за пресудување, треба да се вклучат во расправата. Меѓутоа, не се согласувам да расправаме опширно со цел да се добие квантитет во расправата. Повеќе сум за тоа да се добијат многу поконкретни сугестии и забелешки, бидејќи се работи за закон кој што е во фаза на прво читање, и верувам дека Владата, Министерството за правда, доколку има издржани сугестии, тие ќе ги прифати и ќе ги вгради во втората фаза, кога ќе дојде законот пред Парламентот.

Сигурно дека беше потребно пратениците да ја имаме стратегијата за реформи во правосудството и неговиот систем. Не знам кога е подготвена таа стратегија, не знам се што содржи во неа, меѓутоа, јас како пратеник не сум ја добил и ја немам во увид што се содржи. Така што, сметам дека треба да се има предвид целината на промените кои што сега се случуваат во Република Македонија. Се носат голем број на нови закони, значи се усогласуваат со Законодавството на Европската унија. Донесовме Закон за полиција. Имаме закон кој деновиве исто така ќе биде предмет на расправа, а тоа е Законот за финансиската полиција, Законот за спречување на перење на пари. Значи имаме промена во голем број закони, носење на нови или пак со измени и дополнувања, но еве имаме и закон за Јавно обвинителство, кој што е еден од системските клучни закони за поефикасна борба против организираниот криминал и корупција. Затоа мислам дека ако имавме една целина, се што се предлага, кои промени се предлагаат во институциите од државата надлежни за откривање на криминалот, па да видиме дали тие сега се усогласени, со она што значи надлежност на Јавниот обвинител и на оној државен орган кој што ги гони сторителите, па се до реформите во судството, во судскиот систем. Тогаш можеби ќе беше полесно и полесно ќе добиваа преодност овие законски проекти во Парламентот.

Јас не се согласувам дека овој закон требаше многу порано да биде подготвен, или дека долго време поминало. Ако беше така, ако беше подготвен набрзина, тогаш имавме забелешки дека голем број од решенијата се навистина набрзина подготвени, да се фати рокот итн, тогаш ќе имавме други забелешки, поготово што Јавниот обвинител функционира. Избравме нов Јавен обвинител. Отпочната е борбата против корупцијата и криминалот дека засега немаме некој застој во тоа. Се согласувам дека во Република Македонија не постои заокружен ефикасен систем. Значи, треба да ги видиме ефектите од оваа војна што е отворена против организираниот криминал и корупција, а за да ги видиме крајните ефекти, треба да функционираат не само органите за откривање, туку и оние кои

што се за гонење и за носење на конечната одлука, односно судските институции и судовите.

Законот е навистина обемен, меѓутоа, ако се анализира подетално, сепак, новините се можеби по број малку, но укажуваат на идеја или тенденција за промена на еден систем во Република Македонија. До сега имавме многу појасна поделба околу гонењето на сторителите на кривични дела. Имавме државни институции кои што пред се, беа надлежни за откривање на кривични дела, за откривање на сторителите и таа функција сега со измените се зајакнува кај надлежните институции. Натаму, имавме Јавен обвинител, или државен орган кој што ги гони сторителите, меѓутоа, секогаш Јавниот обвинител бил да ги гони, но тој бил и филтер од неосновани обвинувања, или пријавувања до него за сторители на кривични дела. Тој секогаш имал можност да бара дополнителни извештаи, дополнителни факти и информации, но можел и да отфрли кривична пријава.

Мислам дека оваа улога сега што на некој начин сега се најавува околу тоа, посебно јас сакам да зборувам околу законските решенија кои што предвидуваат можност, Јавниот обвинител да има можност да ги презема сите овластувања што ги има Министерството за внатрешни работи и други меѓудржавни институции. Мислам дека тука треба поконкретно да биде дефинирана оваа одредба. Веројатно, интенцијата на предлагачот е да ги забрза, во овој случај, а не генерално да има право, тоа што ги има тие права, тие овластувања на полицијата, финансиската полиција, Дирекцијата за спречување на перење на пари, значи, некои активности и некои надлежности кои ги имаат другите државни институции, надлежни за откривање на криминалот, мислам дека Јавниот обвинител тој може да ги користи преку нив, но ако се даде такво овластување, тој директно, непосредно самиот да ги користи тие овластувања, мора да биде врзано за конкретен случај тогаш кога се постапува и тогаш кога другите држави и институции не ги извршуваат работите согласно нивната надлежност. Тука мислам дека може да настане дуализам, може да настане судир на надлежностите и тука оваа одредба треба да биде многу попрецизно дефинирана, за да не се разбере погрешно. Затоа што подоцна кога ќе зборувам за другите надлежности во праксата да не се создадат некои проблеми.

Понатаму, околу тоа дали Јавното обвинителство во целина треба да преземе некои функции, некои надлежности, што ги има сега судот. Бидејќи, ако се отвори итно истражно одделение, или такви одделенија во рамките на Обвинителството, посебно во рамките на Обвинителството за борба против организираниот криминал и корупцијата, со интенција да се преземе истрагата од страна на судот, од страна на истражниот судија, мислам дека тука имаме крупна промена во Република Македонија, за која што треба детална анализа, за која треба проценки. Јас не сум како што кажа пратеникот Младеновска без став околу тоа прашање и затоа најповеќе се јавив за дискусија, дека имало и за и против, има разни системи, меѓутоа, јас сум категоричен против тоа, истрагата да премине кај Јавниот обвинител, бидејќи ако се случи тоа и од друга страна имаме право, Јавниот обвинител да ги преземе сите овластувања од полицијата, тогаш имаме комулација на надлежности, на овластувања, кои што во одредени периоди можат да значат во голема мера и нивна злоупотреба и загрозување, или ограничување на правата и слободите на граѓаните. Ние имаме посебен систем изграден, имаме доволно искуства во оваа област и треба многу добро да размислиме што и како ќе ги менуваме работите понатаму. Затоа што не сакам да ве потсетувам бидејќи имам доволно искуство и доволно сум ја проучил оваа материја околу тоа тогаш кога истрагата ја водеше УДБА. Сега ние носиме Закон за лустрација итн, да не се навраќаме сега околу ова, меѓутоа, ако сакаме да ги вратиме работите назад, тогаш сето тоа ќе биде кобно за Република Македонија, затоа што политичките гарнитури се менуваат, замислете ако некој дојде на позиција за Јавен обвинител со таква одговорност и со такви надлежности. Тогаш мислам нема да има оправдување, еве ние пратениците сме имале таков предлог неколку гласале. Мислам дека тука треба Владата големо внимание да посвети. Да се консултираат голем број на експерти, да се направат анализи, проучувања. Затоа што и во препораките, или директивите или не знам, тие што доаѓаат од Европската унија, од Советот на Европа, замислете ако некој тие препораки ги препишува кој што студирал англосаксонско право, каде што е доминантен Јавниот обвинител, тој сега мисли дека тоа е решението во сите држави во Европа да се предвиди Јавниот обвинител да има доминантна улога и во истрагата. Тука треба многу да внимаваме. Јас верувам дека сето она што го предлага Министерството за правда, Владата на Република Македонија, е мотивирано за да обезбедиме поголема ефикасност во борбата против корупцијата. Кривичните пријави да бидат полесно подвижни. Да се движи целата постапка, целата процедура, бидејќи има голем број на одредби кои што ја кочат таа цела постапка. Но, за една ваква системска промена во Република Македонија треба растовар.

Јас се чудам на некои од експертите кои што членуваат во бројни невладини организации. Постојано зборуваат дека се залагаат за заштита на човековите права итн, а сега, прифаќаат едни вакви решенија и најавуваат такви решенија. Затоа што сепак, не се до крај нефинирани. Овој е почеток, или овде се искажува намерата, стратегијата дека во одредено време со промените, по Законот за кривична постапка треба исто така да помине во целост кај Јавниот обвинител. Дури и некои елементи да поминат, меѓутоа, овде мора добро да се размисли дали на Јавниот обвинител ќе му се дозволи право тој да одлучува за притворот. Дали тој ќе може да одлучува за примена на некои од посебните истражни мерки, не на сите, посебно контрола на

комуникациите итн, бидејќи тоа е уставна одредба каде што децидно стои дека тоа само со наредба на надлежен суд тоа може да се случува.

Значи, се отвараат голем број на прашања, голем број на дилеми и затоа е добро да расправаме да видиме стратешки да не ја промашиме работата. Јас мислам дека во овој степен на демократски развој, на развој на парламентарната демократија овој парламентарен систем со слаби претседателски надлежности, мислам дека повеќе одговара таква каква што е сегашната позиција на Јавниот обвинител. А дали Јавниот обвинител има доминантна позиција? Мислам дека тука непотребно се води расправа, затоа што и со постојниот Закон за Јавно обвинителство и со Законот за кривична постапка, Јавниот обвинител има доминантна позиција во текот на целата постапка кога се работи за гонење на сторителите на кривични дела. Реков, тој може секогаш да ја отвори кривичната пријава. Тој може да поднесе барање за спроведување на истрага и не мора. Тој може да подигне обвинителен акт и не мора. Тој може во текот на постапката да се откаже од кривично гонење. Така да, тој навистина има доминантна положба. Таа положба со овие промени не се менува. Можеби во некои елементи се зајакнува. Така што мислам дека во кривичното гонење, бидејќи тоа е и уставна обврска негова, сосема јасно стои дека тој ги гони сторителите на кривични дела и никој друг. Затоа, ако прифатиме промена на улогата на Јавниот обвинител и на неговите надлежности и овластувања за тоа треба многу поголема расправа, многу поголеми анализи да се проучат искуствата, да не прифаќаме се под надзор и тоа да доаѓа и од надвор кога ние велиме дека ги усогласуваме нашите закони со стандардите на Европската унија преку Советот на Европа итн. Ние треба да бидеме многу внимателни. Ќе не разберат дека на овој степен на развој не треба да брзаме. Јас не знам, можеби после десетина години откога ќе почне да функционира овој начин на дејствување на Јавниот обвинител, на судскиот систем кој што станал понезависен, можеби ќе се прифатат такви решенија. Но за сега треба да водиме сметка да не избрзаме со решенија кои што ќе имаат далекусежни последици по правата на граѓаните.

Еве само толку накратко. Инаку, мислам дека законот во целина содржи добри решенија и треба да биде поддржан. Јас ќе го поддржам во првата фаза, но сигурно дека очекувам околу овие прашања да се отвори расправа и треба да има јавна расправа, експертска расправа, не само како што стои дека досега обвинителствата или Здружението на јавни обвинители расправале. Тука треба да се вклучат во расправа и органите за откривање и судиите, да се вклучат невладините организации, да се вклучат експертите, но не оние кои се платени да работат на овие закони. Да се вклучат сите што сметаа дека е многу битно да донесеме еден Закон за Јавно обвинителство, кој што ќе ја зголеми ефикасноста во борбата против организираниот криминал и корупција и ќе ги зајакне демократските капацитети на сите други институции. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Анета Стефановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе.

Со донесувањето на Законот за јавно обвинителство и со Законот за Совет на јавни обвинители кои се од исклучително важно значење, Владата на Република Македонија и Министерството за правда, прават голем чекор напред во реформите во правосудството.

Она што уште одамна требаше да се направи од страна на претходната власт, еве сега за многу брзо време го прави оваа Влада и министерот за правда.

Во основа, законот е доста добар и предлогот треба да се прифати и да се поддржи, со цел за конечно регулирање и целосен опфат на ваквиот начин на борба против криминалот од најразличен вид и обем.

Конечно, некој се зафатил со работа сериозно, повеќестрано и продлабочено. Изготвил текст на закон кој е далеку од идеален но е добар обид за комплетно регулирање на поставеноста и местото на Јавното обвинителство во системот на прогон и криминалот во Република Македонија.

Посебно треба да се издвои системот на одредби кои се однесуваат на така наречениот организиран криминал и посебната единица во Обвинителството која ќе се справува со него, како посебна општествена опасност по целата вкупна состојба во Република Македонија, како оставинска маса што ни ја остави претходната власт во нејзиното 13-14 годишно владеење и нејзиното однесување со добра доза на неправедност према сопствениот народ и сопствената држава.

Особено, позитивен е фактот, што при изработката на овој текст се користени и компаративните системи од повеќе држави, искуства и стучњаци. Организирани се и тркалезни маси, со кои се потврдени незавидни резултати на ова поле и против ова општествено зло.

Овој текст на закон навистина е добар и јас ќе го поддржам и ќе гласам за него. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Реплика, пратеникот Оливер Спасовски, повелете вашите три минути.

**Оливер Спасовски:** Почитувана колешке Стефановска, навистина заложите за јакнење на оваа институција во Република Македонија и заложбите за ефикасна борба нема да ги оствариме со тоа што ќе кажеме дека 14 или 13 години се работеле така или вака. 16 години се работи како што се работи и во делот на мандатниот период кој беше дел од вашата Влада. Токму затоа говорев за предметите кои стојат во длабоката и строго заклучена фиока во Обвинителството во Куманово. Токму за ваши членови и активисти кои го купија цело Куманови

спротивно на законските прописи, а не се покрена ниту една кривична пријава и токму заради тоа од декември месец со истечен мандат се уште седи како основен јавен обвинител во Куманово. Така нема да ги јакнеме институциите во овој систем, туку мораме да предвидиме ефикасни и применливи норми кои ќе значат јакнење на позицијата на Јавниот обвинител во Република Македонија, а со тоа ќе примениме ефикасна борба против корупцијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има Анета Стефановска.

Повелете вашата минута.

**Анета Стефановска:** Почитуван колега, ние се залагаме со овој текст на законот со еднаков аршин да постапуваме за сите видови криминал и веќе борбата против криминалот, јавноста и вие добро ја гледате, започната е, тоа ќе се потврди, а посебно со донесувањето на овој закон дека навистина она што го зацртавме во програмата ние ќе го реализираме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Танчева Тулиева Надица, повелете.

**Надица Танчева-Тулиева:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер за правда,

Предлогот за донесување на законот за Јавно обвинителство, кој што ни е доставен од Владата на Република Македонија сметам дека е од исклучително значење за Република Македонија и добро е што овој закон се донесува во две фази, така што во правата фаза ние како пратеници имаме можност да дадеме свои мислења и видувања во однос на текстот на овој закон и потребата од донесување на овој закон, затоа што во оваа фаза всушност се утврдува и потребата од донесувањето на законот.

Уставот на Република Македонија од 1991 година не содржеше уставен основ за тоа кои прашања од надлежноста на Јавното обвинителство требаше да бидат регулирани со закон, како што тоа беше случај со судовите, меѓутоа, во 2005 година беа донесени 10-те уставни амандмани кои се однесуваа токму на правосудните органи и реформата во правосудните органи. Во амандманот 30 беше регулирана надлежноста, организиацијата и функционирањето на Јавното обвинителство. Според овој амандман, во определен законски рок од 9 месеци требаше да се донесе и законот за измени и дополнувања на Законот за Јавното обвинителство, меѓутоа, тоа не беше направено и сега јас не би навлегувала во тоа дали причинте за донесувањето или за недонесувањето на овој закон, вклучително и Законот за Јавното обвинителство и Законот за Совет на јавни обвинители не беа донесени, но не би навлегувала во тоа дали тие причини беа оправдани или неоправдани. Во секој случај, Законот за Јавното обвинителство треба да го донесеме од повеќе причини. Прво и основно е тоа што со овие закони ќе се извршат големи реформи во правосудниот систем на Република Македонија, тоа што со донесувањето на Законот за Јавното обвинителство ќе се заштити Јавното обвинителство од можните влијанија на законодавната и извршната власт и ќе се овозможи Јавното обвинителство како самостоен и единствен орган ефикасно да ја извршува својата основна функција, да ги гони сторителите на кривични дела и други со закон казниви дела согласно Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Македонија.

Понатаму, сите ние сме свесни дека Република Македонија како држава реално веќе е решена да се бори против организираниот криминал и корупцијата како две големи зла на денешницата и тоа го гледаме веќе на дело во Република Македонија. Значи не зборуваме веќе само за една декларативна форма и од тие причини законот треба да го донесеме што поскоро, затоа што ќе му овозможиме на Јавното обвинителство како една алка од синџирот институции кои се борат против организираниот криминал и корупцијата и воошто против криминалитетот, а има мошне важна и сериозна улога. Исто така, и самата хармонизација на македонското со законодавството на Европската унија го налага сето тоа.

Во поглед на ова мошне значајно е да се потенцира дека при изработката на содржината на Предлогот на донесување на законот се користени пред се заклучоци и мислења од одржани конференции на јавни обвинители во организација на Советот на Европа. Значи се користени стручни мислења, потоа користени се компаративни искуства од земјите членки на Европската унија како што се Италија, Словенија и други. Мошне важно е да се каже дека како клучен документ што е користен при изработката е Препораката 2019 на Советот на Европа, во која се регулирани многу прашања кои се однесуваат на јавното обвинителство, кои се односот на Јавното обвинителство со судската, извршната и законодавната власт, односот на Јавното обвинителство со полицијата, со странките итн.

Исто така, мошне важно е да се каже дека при изработката на овој закон беа користени и многу забелешки кои беа изнесени од многу стручњаци од оваа област, меѓу кои овде би го спомenала и доктор Франческо Мандои кој што е експерт во борбата против организираниот криминал и корупцијата.

Овој закон, исто така е доставен и до релевантни државни и меѓународни организиации, меѓу кои и Венецијанската комисија при Советот на Европа кои дадоа позитивно мислење со одредени забелешки кои понатаму можат да се вклучат во текстот на законот.

Сега би зборувала во однос на текстот на законот, кој го сочинуваат 9 глави со вкупно 100 члена. Овде повеќе би се задржала на некои новини кои се предвидени во овој закон.

Прво и основно би кажла дека законот се темели на начелата на законитост, легитимитет, самостојност и одговорност и најважните принципи врз кои се организира Јавното обвинителство, принципот на хиерархијата и субординацијата. Со овој закон е предвидено да се формира посебно јавно обвинителство, кое ќе ги гони сторителите на кривичните дела од типот на организиран криминал и корупција и тука се запазени принципите на хиерархија и субординација, но се со цел да не се загрозува самостојноста во вршењето на јавнообвинителската функција.

Во членот 21 став 2, надзор над работата и постапувањето по конкретните предмети на Јавниот обвинител за организиран криминал и корупција врши Јавниот обвинител на Република Македонија. Потоа, согласно членот 22 став 3, оценка за работата на Јавниот обвинител за организиран криминал и корупција ја врши Јавниот обвинител на Република Македонија, а согласно членот 25 став 1 Јавниот обвинител на Република Македонија има право да му даде задолжителни општи писмени упатства. Всушност, од овие одредби може да се види дека се почитуваат принципите на хиерархијата и субординацијата, но да не ја загрозат самостојноста на постапувањето особено на ова јавно обвинителство.

Исто така, овде би сакала да ја напоменам и новината која се однесува во однос на организационата поставеност на Јавното обвинителство, каде што согласно членот 11 е предвидено формирањето на ова посебно Јавно обвинителство, за кое веќе зборував и кое ќе биде надлежно да ги гони сторителите на кривични дела кои се сврзани со организиран криминал и корупција. Ова до сега го правеше Посебното одделение при Јавното обвинителство на Република Македонија, кое беше формирано во октомври 2004 година, меѓутоа, со текот на времето се увиде дека е потребно посебно јавно обвинителство од овој тип, како што е случај со Република Романија, Хрватска, итн.

Инаку, во ова Јавно обвинителство се формираат посебни истражни одделенија заради поголема ефикасност во работата. Имено, во членот 15 став 2 е предвидено дека во Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се формира специјализирано истражно одделение, а во јавно обвинителство основано за подрачје на суд со проширена надлежност се формираат специјализирани истражни одделенија и специјализирани одделенија за малолетници со посебна стручна служба со одредбите од овој закон. Тоа значи дека самите нови надлежности на Јавното обвинителство бараат и градење на капацитетите на Јавното обвинителство и овде покрај правници ќе се вработуваат и стручни лица од други профили, од финансиите, градежништвото, информатиката итн. и стручни лица како јавно обвинителски истражители и целта на овие одделенија е на почетокот да му служат на обвинителството во предистражната постапка.

Исто така, во однос на организационата поставеност, покрај трите виши јавни обвинителства во Штип, Битола и Скопје, е предвидено да се формира и вишо јавно обвинителство во Гостивар.

Во однос на именувањето, односно изборот и разрешувањето на јавните обвинители, со новиот закон се предлага сите јавни обвинители да ги избира и разрешува Советот на јавните обвинители без ограничување на мандатот, согласно членот 40 став 2, а Јавниот обвинител на Република Македонија согласно членот 40 став 1 по предлог на Владата на Република Македонија го именува Собранието на Република Македонија за време од 6 години со право на повторно именување. Советот на јавните обвинители исто така дава и мислење по предлогот на Владата за именување и разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Понатаму, би сакала исто така да кажам дека самиот избор на Јавниот обвинител на Република Македонија е регулиран и со Уставот на Република Македонија како највисок правен акт во државата. Со овој закон е предвидено согласно членот 4, каде се вели дека функцијата на Јавното обвинителство ја врши Јавниот обвинител на Република Македонија и јавните обвинители, а тоа значи дека јавните обвинители се здобиваат со статус Јавен обвинител, односно дека повеќе не постојат заменици, што значи дека јавните обвинители сега ќе имаат многу поголема самостојност во вршењето на својата функција, но од друга страна ќе имаат многу поголема одговорност.

Во делот три, во надлежноста на Јавното обвинителство, членовите 29 до 40, детално е уредена надлежноста и позицијата на Јавното обвинителство во претходната постапка, неговата позиција во однос на работата на Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција, Царинската управа, Дирекцијата за перење на пари итн, и механизми со кои ќе се врши контрола кога овие органи ќе ги пречекорат своите овластувања.

Во членот 23 став 1 и 2 е предвидено дека Јавниот обвинител на Република Македонија поднесува и годишен извештај до Советот на јавните обвинители, Владата на Република Македонија, Министерството за правда и Врховниот суд и сметам дека мошне значајно е што овој извештај се доставува и до Врховниот суд, од причини што извештајот ќе ја отсликува состојбата на криминалитетот и ќе содржи податоци за вкупниот број на предмети кои Јавното обвинителство ги процесуирало и кои нема да се совпаѓаат со бројот на предметите кои ги водат судовите и мошне важно е Врховниот суд да биде запознат со тоа.

На крајот сметам, за да тргнеме навистина во една вистинска војна против организираниот

криминал и корупцијата и воошто против криминалитетот, што веќе и се започна во Република Македонија, за да се поместиме навистина од 105-то место по корупцијата, треба да го донесеме овој закон, со што ќе му овозможиме на Јавното обвинителство како самостоен и единствен орган да си ја врши својата функција без какво и да е влијание.

Од сите тие причини, јас ќе гласам позитивно во однос на потребата од донесувањето на Законот за Јавното обвинителство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи господин Шабан Салију, госпоѓа Топузова Каревска Роза, господин Андреј Жерновски и господин Вељаноски не се тука, и Ристана Лалчевска не е тука, констатирам дека нема повеќе пријавени за збор...

(Реакција од пратеникот Борис Кондарко)

Не, готово е тоа.

И на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

(Пратеникот Борис Кондарко од место реагира со зборовите : "Барам да ми дадете збор").

Ќе провериме.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Реакција на пратеникот Борис Кондарко)

Сега е доцна, јас констатирав.

(Реакција на пратеникот Борис Кондарко со зборовите: "Вие читавте од сценариото").

Не, јас читав од дисплејот, на дисплејот немаше. Може да се провери.

(Реакција од пратеникот Борис Кондарко: "Барам да ми дадете збор").

Тоа можеме да го провериме.

(Реакција од пратеникот Борис Кондарко: "Дали ова е цензура претседателе ?").

Не е цензура. Молам да се провери.

(Реакција од пратеникот Борис Кондарко: "Ве молам да ми дадете збор, вие читавте кога јас се пријавив").

Јас читав.

Драги мои, не е проблем, ќе ви дадам збор, меѓутоа јас читав од дисплејот и ако не сте на дисплејот не сте се пријавиле.

(Реакција од пратеникот Борис Кондарко: "Не читавте од дисплејот, вие читавте од сцениариото").

Значи, јас не знам од што сум читал. Јас читав од дисплејот, во сценариото не се запишани пријавените за збор, нема такво нешто.

(Реакција од пратеникот Борис Кондарко: "Сакавте да ми го одземете зборот, сакавте на препад да ме фатите").

Повелете, земете збор.

Во оваа земја нема да се укинуваат зборови дури и кога ќе доцните, меѓутоа кажете, претседателе, јас задоцнив.

Повелете.

(Пратеникот Борис Кондарко излегува на говорница).

(Реакција од повеќе пратеници од опозицијата).

Тоа не е процедурално и постојано ќе се прекршува процедурата.

Да видиме колку пратеници се пријавени за процедурална интервенција.

Повелете госпоѓо Куновска, процедурално.

**Јагнула Куновска:** Сите ние што сакавме да дискутираме се пријавивме како што е редот. Откако се прочита кои се тука, кои се откажале, кои не се тука и да се гласа по Предлог законот, не може некој да се пријавува за збор, има ред и затоа молам да се почитува.

**Љубиша Георгиевски:** Кој е следен пријавен за процедурална интервенција? Повелете.

**Марија Андоновска:** Почитуван претседателе, ќе ве замолам да се држиме до процедурата и да ја почитуваме процедурата. Вие ја затворивте точката, така што почитуваниот колега не може да говори по оваа точка, затоа што точката е затворена. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Понатаму, процедурално има збор пратеникот Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Претседателе, мислам дека не треба да повторуваме дека треба да се почитува Деловникот за работа. Сведоци бевме сите колеги и јас бев изненадена дека нема колеги од опозицијата кои се пријавени, вие уредно читавте од екранот кои пратеници се пријавени, ја затворивте расправата и дури тогаш се пријави колегата. Значи процедурата да ја почитуваме во Парламентот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално, господин Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Да биде јасно, јас верувам дека колегата Кондарко има што да каже во поглед на текстот на законот и препораки, меѓутоа, еднаш ако го прекршиме правилото, понатаму не ќе можеме да наметнеме ред претседателе. Значи ако дозволиме еднаш на затворена расправа да може да се зема повторно збор, после не ќе можеме ред да внесеме во Собранието. Сепак е прва фаза, мислам дека ќе има време да се искажат сите забелешки. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, ги прифаќам процедуралните забелешки, бидејќи е совршено технички возможно да се уставно вистината.

Според тоа, барам службите да достават точен број на присутни.

(Реакција од пратеникот Борис Кондарко: "Претседателе, ми дадовте збор, не може да си игрте играчки").

Процедурално можете вие. Не е убаво. Имате шанса истиот говор да го кажете и во второто читање.

(Господинот Кондарко реагира од место и бара збор).

Не ви давам збор!!!

Процедурално, повелете. Имате право процедурално.

**Борис Кондарко:** Барам процедурално.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, процедурално.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе.

Прво, навистина не знам зошто демонстрирате во Парламентот нервозно и насилно однесување? Дали сакате и во Парламентот да воведете забрани и цензури и да ја укинете демократијата. Тоа не ви доликува на вашите демократски капацитети и манири, пред се како човек, а потоа и како претседател на Парламентот кој сте се докажале многу пати до сега. Мислам дека таквото ситно и ниско тактизирање со техниката манипулирање со секунди, со сценариото и со читањето на екранот, не ви доликува, не му доликува на овој Парламент. Вие додека го читавте сценариото не од мониторот, туку од вашите документи кои се наоѓаат пред вас, јас се пријавив за збор. Вие во тој момент не гледавте во мониторот. И помирете се со тоа, немојте да ја злоупотребувате процедурата и со тоа да ја замолчувате опозицијата. Јас легитимно согласно Деловникот имам право на збор. Не ви успеа овој пат да ја фатите опозицијата на препад во сценарио и во договор со пратениците од мнозинството кои беа десетина пријавени и кои после моето одјавување, се одјавија сите, со цел на препад да ја затворите расправата. Меѓутоа, за ваша несреќа, јас се пријавив на време, а вие не гледавте во мониторот, односно го игнориравте тоа, правејќи се дека го читате сценариото за побрзо да ја завршите расправата. Не смеете, ќе направите голем преседан недемократски да не ми дадете збор. Од што се плашите да не ми дадете збор, еден пратеник од опозицијата да дискутира 20 минути за Законот за јавно обвинителство. Вие лично се плашите од тоа. И зошто толку викате, зошто сте толку нервозен? Не ви доликува. И на крајот вие веќе ми дадовте збор, па после изигравате пишман аџија. Имајте став, бидете достоинствен на вашиот став. Јас излегов на говорница. После притисокот од парламентарното мнозинство вие подлегнавте на тоа и го променивте ставот. Бидете достоинствен, бидете демократ до крај и дајте ми го зборот. Јас излегов на говорница не за процедурално. Вие ми дадовте збор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам на вашата процедурална интервенција која јас ја очекував и минатиот пат кога ви дадов збор. Можам да го одговорам следното. Не ми упаѓајте во збор.

Техниката е воведена затоа за во секој момент, секој секунд може да се установи што се случува. Според тоа, според техниката јас како што видов и се консултирав и со човекот кој е задолжен за тоа, со техниката ќе се докаже дека не сте во право.

Што се однесува до моето нервозно однесување и јас сум човек и вие не можете да тврдите што јас сум читал, а јас да тврдам што јас сум читал. Јас читам дисплеј, бидејќи во моментот кога давам збор читам дисплеј, а сите што малку имаат парламентарно искуство, знаат дека во сценариото не постои список на пријавени за збор. Според тоа, јас прозивав име по име кој е тука. Тоа се случи и со донесувањето на еден друг закон, како што знаете и тоа беше оспорено, а потоа не може да биде оспорено. Компјутер не може да биде оспорен. Компјутерот покажува се. Мене совеста ми е чиста.

Во однос на тоа како е спроведена овде процедурата и во однос на Деловникот, сето останато ќе го суди јавноста. Исто беше така, се виде компјутерот, се виде записникот, се покажа се како е. А понатаму околу овој проблем не дозволувам никаква процедурална дискусија. Процедурата се води сега преку компјутеро

Молам уште еднаш во тишина и ред да се пребројат пратениците, затоа што се наоѓаме пред гласање. Да се пребројат присутните рпатеници во салата.

Нема процедурална дискусија. По тој проблем нема повеќе процедурална дискусија.

За друг, да, повелете. Јас и не реков за друг, дека нема. Јас реков, по тој проблем нема процедурална дискусија. За друг, повелете, во секое време.

**Оливер Спасовски:** Претседателе, со ваквото однесување во Собранието навистина наликувате на претседател на некое друго време, друг режим, авторитарен. Тоа го покажувате постојано и граѓаните веќе тоа го видоа.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа нема врска со процедурата.

**Оливер Спасовски:** Има врска, има и те како врска со процедурата и со демократијата во Република Македонија. Во име на пратеничката група на СДСМ барам да ги добиеме стенографските белешки за да видиме дали ја затворивте расправата по однос на текстот на законот. Значи, барам пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Ќе ги добиете стенографските белешки и од компјутер. И ќе се покаже се што треба.

**Оливер Спасовски:** Барам пауза до 16,00 часот.

**Љубиша Георгиевски:** Еден час е Деловнички.

**Оливер Спасовски:** Барам пауза до 14,45 часот.

**Љубиша Георгиевски:** До 14,45 часот е сосема во ред.

Пауза до 15,00 часот, тука ќе се искористи и ручекот.

**Оливер Спасовски:** Не може да се искористи ручекот тука. Правото на пауза не можете да го користите со правото за ручек.

**Љубиша Георгиевски:** 18 илјади евра чини оваа седница, а вие се расфрлате со еден час вака.

**Оливер Спасовски:** Барам еден час пауза за потребите на пратеничката група за работа, а не за ручек.

**Љубиша Георгиевски:** Тој час ќе го добиете од 15 до 16 часот.

**Оливер Спасовски:** Така може.

**Љубиша Георгиевски:** Сега уште не е пауза. Паузата е во 14,00 часот.

Стенографските белешки ќе ги добиете на време.

Еден час пауза за да се добијат стенографските белешки и за работа ќе имате. Тоа ви е доволно.

Понатаму процедурално. По однос на кој член од Деловникот ќе интервенирате процедурално.

**Борис Кондарко:** Не е битно.

**Љубиша Георгиевски:** Битно е. По Деловникот треба да кажете по кој член? Кажете точно по кој член, ќе ви дадам збор.

**Цветанка Иванова:** Дајте ми збор, јас ќе ви кажам зошто го барам тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, имате збор.

**Цветанка Иванова:** Претседателот на Собранието го менаџира Собранието, претседателот на Собранието треба да води сметка за Деловникот, претседателот на Собранието треба да создава атмосфера за работа. Овој закон се донесува со двотретинско мнозинство. Ве молам господине претседателе ниту е потребно таква реакција, ниту пак нешто ќе се изгуби ако се даде збор. Напротив,овој закон е во прва фаза, овој закон е потребен заради сите нас, не само заради владеачката гарнитура. По овој закон јас очекував денеска аргументирана дебата од сите пратеници во интерес на подобрување на решенијата, а не да се искористува отсутноста на одредени пратеници, па да се одјават пратениците кои што се надевам сите имаа по нешто да кажат во прилог на подобрување на текстот на законот се со една цел, да се затвори дискусијата. Ако сакате, еве по наредната точка никој да не се јавува за збор, па нека се донесе закон каков што е законот. Тогаш зошто сме ние тука дојдени? Зошто се донесуваат законите во две фази? Се донесуваат за да можеме да искажеме тука наши аргументи, наши забелешки за подобрување. Каде се аргументите и забелешките, со чесен исклучок на господинот Трајанов кој што навистина ги потврди нашите стравувања од одредени понудени решенија, или дел од колешките. Каде се колегите тука да дебатираат по овој системски, за мене, закон. И вие треба да создавате атмосфера за работа,особено за закони за кои што ви е потребно мислењето и на опозицијата.

**Љубиша Георгиевски:** Оваа дебата денес се одвиваше во совршен најдобар ред, како во англиски парламент. Се додека кога се исцрпија предлозите, односно барањата за збор, господинот Кондарко кој задоцни, побара збор откако јас ја заклучив дебатата. Тоа е единствената вистина која ќе се докоментира.

Дозволете сега да заклучиме, дали можеме да гласаме?

**Борис Кондарко:** Тоа е дле од вашето сценарио.

**Љубиша Георгиевски:** Пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,05 часот**).**

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места, продолжуваме со седницата.

Побараните стенографски белешки и технички записи ви се поделени. Истите се поделени и на новинарите. Мислам дека расправата по оваа проблематика веќе е разјаснета и со самиот факт што се добиени стенографските белешки.

Пред да ви дадам збор процедурално, ве молам да утврдиме точен број на присутни пратеници.

Ги молам службите да ми дадат точен број на пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата се присутни само 55 пратеници.

Би ги замолил пратениците да влезат во салата за да може после процедуралната дискусија да пристапиме кон гласање.

Процедурално има збор господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Навистина многу е незгодно и неблагодарно сега да ги упатуваме процедуралните забелешки до вас, што сега започнувате со претседавање на седницата. Ќе беше многу подоблесно претседателот на Собранието барем денес да го прекрши редот, да остане малку подоцна за да барем се извини и пред Собранието и на македонската јавност заради оваа фарса која што ја направи претходно со одземањето на зборот во Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Се извинувам господине Спасовски само еден момент. Пренос нема.

**Оливер Спасовски:** Ќе чекаме, ќе има.

**Бесим Догани:** Пренос нема, емитување надвор или мислите за мониторите внатре?

(Службите му објаснуваат на претседавачот во што е проблемот).

Во ред, повелете.

**Оливер Спасовски:** Мислам дека претседателот Георгиевски требаше да биде барем сега тука присутен пред се да се извини на пратениците од опозицијата и на македонската јавност за оваа фарса што ја направи во Собранието на Република Македонија, со тоа што не дозволи да се расправа по точката на дневен ред - Закон за јавно обвинителство.

Затоа ги побаравме и стенографските белешки од името на пратеничката група на СДСМ, од каде што јасно се гледа дека претседателот на Собранието не го затвори претресот по оваа точка од дневниот ред. Сите реакции кои што ги направи во овој момент и сите закани кои што ги упати и манифестацијата на моќта која што ја имаше навистина падна во вода. Со такви манифестации ниту поединци, ниту пратеничката група на СДСМ нема да биде исплашена, ниту ќе можете да влијаете или вие, или оној што претседава со седницата да делуваме поинаку.

Ќе делуваме секогаш според она што ние го мислиме заради волја на вистината.

Ќе прочитам само еден дел од стенографските белешки каде кажува: “Бидејќи господинот Шабан Салиу, госпоѓа Топузова Каревска Роза, господин Андреј Жерновски и господин Вељаноски не се тука”, а господинот Вељаноски беше во салата “и Ристана Лалчевска не е тука констатирам дека нема повеќе пријавени за збор”, каде што има реакција на пратеникот Борис Кондарко.

Не го затвори претресот по точката на дневниот ред и непотребни беа сите забелешки и реакции да се прекине расправата.

Мислам дека сега треба господине потпретседатле да продолжиме со расправа по точката на дневниот ред - Закон за јавно обвинителство, онака како што беше пријавен господинот Кондарко и на тој начин да покажете доблест дека навистина не сакате да ги применувате автолитарните методи со кои што започнавте на оваа седница. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Борис Кондарко втор е за процедурално пријавен, повелете.

**Борис Кондарко:** Почитуван потпретседателе Догани се надевам дека со вас ќе најдеме согласно Деловникот разбирање и заедничкио јазик за овој проблем кој настана кога седницата ја водеше претседателот Георгиевски. Мислам дека откако претседателот Георгиевски направи грубо прекршување на Деловникот и манипулација со цел да ја замолчи опозицијата, ова негово неприсуство на продолжението на седницата на некој начин е кукавичко, затоа што додека беше присутен се однесуваше кон нас насилнички и со закани, не знаеме дали глумеше или се закануваше. Ако глумеше тоа многу лошо го одглуми, ако се закануваше му порачуваме дека не му се плашиме. Значи, Деловникот е прекршен а доказ за тоа се стенографските белешки.

Во стенографските белешки никаде не стои дека претседателот констатира дека го затвора претресот, што значи дека се до тој момент пратениците може да се пријават за збор. Јас токму тоа го направив.

Најпрво претседателот констатираше дека повеќе од пријавените пратеници не се во салата, меѓу кои и господинот Вељаноски, кој беше во салата, меѓутоа тоа сега е ирелевантно. Тоа го оставам само како уште една манипулација на претседателот со цел да го спроведе неговото подмолно сценарио, и констатира, цитирам: “нема повеќе пријавени за збор”. Тука завршува реченицата. Не констатира дека е завршен претресот. На тоа следи реакција на пратеникот Борис Кондарко кој бара збор, на што преседателот на Собранието одговара дека тоа е готво и дека на Собранието му предлага да го усвои следниот заклучок.

Значи, предлага да се усвои заклучок без претходно да констатира дека го затвара претресот. Повторно реакција на пратеникот Кондарко кој бара да му биде даден зборот и тн. и тн., Кондарко вели дека претседателот го чита сценариото, а не гледа во мониторот каде што Борис Кондарко е приајвен за збор. Уште една манипулација на претседателот на Собранието. За да на крајот претседателот на Собранието не знам од кои причини, можеби ја согледува својата грешка вели: “повелете земете збор”. Цитирам, претседателот на Собранието вели: “во оваа земја нема да се укинуваат зборови дури и кога ќе задоцните, меѓутоа кажете претседателе јас задоцнив”. Значи, претседателот ми даде збор, јас излегов на говорница, следеа процедурални забелешки на пратениците на власта, кои имаат предност како процедура, јас ја напуштив говорницата за да потоа се пишмани претседателот на Собранието и не ми даде збор.

Ве молам потпретседателе да ја исправите грешката, ги имате стенографските белешки пред вас, ова е официјален документ за текот на седницата, не е затворен претресот, можеме да бараме збор и да ми дадете збор да продолжиме по Законот за јавно обвинителство.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор има Роза Топузова Каревска, исто така процедурално, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Се надевам најдобронамерно дека сите ќе смогнеме сили да излеземе од оваа непријатна ситуација дотолку повеќе што се работи за еден многу сериозен закон, за кој што повеќе пратеници со оглед на тоа што се наоѓа во прва фаза, како Предлог на закон сакаат да ги искажат своите забелешки.

Од тие забелешки почитуваниот министер ќе оцени, и Министерството за правда што ќе биде внесено во законот, а очекувам и самото Министерство да има поголем слух за забелешките кои што ќе бидат овде искажани, од говорницата затоа што знаеме дека забелешките стануваат составен дел на Предлогот за донесување на закон и Министерството е должно да ги разгледа забелешките од пратениците.

Во тој случај дел од нив ќе бидат внесени дотолку повеќе што сакам да ја потсетам и македонската јавност и почитуваните колеги од парламентарното мнозинство дека за овој важен закон ни е потребно 2/3 мнозинство. Но за жал онака како што се тераат работите во врска со овој закон изгледа дека на Владата воопшто не и е приоритетен законот прво со начинот на поставување на точката на дневен ред, па одлагањето и на крај со една невидена итроштина да се затвори дебатата да неможат пратениците од опозицијата да ги искажат своите забелешки се во една насока да се подобри текстот на законот.

И од стенографските белешки јасно се гледа дека се работи за една, не би сакала да употребам погруб збор, да кажам манипулација, но навистина се однесуваше за тоа и токму поради тоа замолувам да се има разбирање да ја

продолжиме дебатата околу Законот за јавното обвинителство за да можеме да ги искажеме нашите забелешки.

Во спротивно следува закон кој што се однесува за Советот за јавни обвинители. Ние ќе можеме и тогаш да се искажеме, но не е целта на дискусијата тоа почитуван потпретседателе. Целта е нашите забелешки да бидат најсериозно разгледани од Министерството и да бидат вградени. Уште еднаш напоменувам - законот третира една многу сериозна материја, се пристапи кон измена на Уставот токму поради овој закон, и другите се разбира од судските реформи и сега еден ваков несериозен однос навистина ми е неразбирлив. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Топузова.

Процедурално три минути има господин Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван потпретседателе откако се поделија стенографските белешки на секој пратеник, без разлика на какво столче седи, дали на она столче кое што ја поддржуваат власта, или опозицијата, сосема е јасно што се случува во Собранието на Република Македонија.

Без да ја креваме тензијата јас сакам да ви се обратам вам, бидејќи кај вас е сега топката, популарно кажано, треба да си поставиме прашање дали на сите нас во Собранието ни е навистина потребна ваква работа или вакви трикови. Дали Собранието кое што е посочено како центар на кризата на политичкиот дијалог во Република Македонија ќе го претвараме или ќе правиме уште повеќе да се продлабочува кризата или ќе се почитуваме едни со други, ќе ги почитуваме ставовите и на крајот на краиштата и едната и другата страна што сака да каже за одредени проекти.

Јас не знам како мисли парламентарното мнозинство да менаџира со она што се случува во Парламентот. Или ако сакате конкретно, како мисли парламентарното мнозинство или Владата на Република Македонија да обезбеди 2/3 мнозинство за закон каде што е неопходно да се има такво мнозинство, со вакви трикови каде што опозицијата сакале или не се тера да не гласа, воопшто да не учествува во расправата. Мислам дека навистина треба да ги оладиме нашите гласи, да ги прифатиме грешките и да продолжиме да работиме на начин кој што е својствен на парламентарците. Да ги слушнеме ставовите и на власта и на опозицијата, затоа што се подготвувавме како опозиција за овој битен закон, прво се направи трикот да се разгледува веронауката, па да се разгледува задолжителното средно односно обратно, пред да дојде, па се подготвувавме за оваа дебата и повторно се прават трикови.

Значи, уште еднаш би ве замолил за да профункционира работата во Собранието да се почитуваме едни со други за да може да си работи ова Собрание најнормално.

**Бесим Догани:** Благодарам. Господинот Павле Трајанов има збор процедурално, повелете.

**Павле Трајанов:** Господине потпретседателе, јас мислам дека дел од пратениците освен господинот Кондарко сега го обвинуваат парламентарното мнозинство, претседателот на Парламентот, меѓутоа тие не учествуваа во расправата, затоа што ако беа присутни тука и ако сакаа да учествуваа во расправата имаа можност, затоа што и господинот Кондарко беше пријавен, па се одјави, како што се одјавија и некои други, не учествуваа во расправата. Значи, тоа е право на пратеникот дали ќе се јави, дали ќе се одјави, така да госпоѓата Топузова не беше присутна, не ја следеше и ако се направеше отстапка некаква требаше да се направи само за господинот Кондарко, бидејќи навистина се работеше за секунди дали е во право или не, меѓутоа претседателот на Парламентот кој претседаваше со седницата практично ги исцрпи дискусиите.

Инаку, Парламентот не е кризната точка на политичкиот дијалог. Имаме вештачка политика криза бидејќи имаме многу аспиранти за влез во Владата. Тука е политичкиот проблем кој се мардестира, затоа што имаме голем број на новокомпонирани доушници кои што постојано ја клеветат Република Македонија, новата Влада и Парламентот дека не сака да има политички дијалог. Тука имаме некои други проблеми, но немаме ние политичка криза во Република Македонија.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Трајанов.

Госпоѓа Силвана Бонева, процедурално има три минути, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Мора да им укажам на колегите од опозицијата дека ја сфаќаме сериозноста на моментот, сфаќаме какво е значењето на законот за обвинителство, за јавен обвинител, меѓутоа тоа не значи дека не треба да ја почитуваме процедурата и да се почитуваме себе. Најголем дел од пратениците кои што земаа збор се пратеници од стариот состав на Собранието на Република Македонија и многу добро знаат дека откако ќе се исцрпи листата која што сите ја гледаме и затоа, заради ваквите спорни прашање беше поставен еден и монитор и прожектирање на она што го гледате вие, го гледаме сите ние на ѕидот овде во Собранието и сите видовме дека господинот Кондарко прво се одјави, па го немаше пријавено и онака како што е наведено во стенографските белешки, токму така беше. Констатираше претседателот дека нема повеќе пријавени за збор.

Согласно член 75 од Деловникот за работа на Собранието, став 3, каде што стои дека претресот по одделно прашање трае додека има пријавено учесници значи се затвори претресот по прашањето.

На никого од опозицијата не му беше ускратено правото да земе збор по овој важен закон.

Единствениот факт е тој дека ги немаше пратениците од опозицијата кои што беа пријавени и заради тоа расправата се прекина.

Значи, на никого не му е одземено правото на збор и многу е јасно дека парламентарното мнозинство е свесно дека овој закон се носи со 2/3 мнозинство. Воопшто не ни треба на никој тензии внатре во Парламентот за сосема небитни прашања. Ако беа колегите пратеници присутни тука ќе си земеа збор и ќе расправаа по законот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Дали има некој друг за процедурална дискусија?

Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Потпретседателе јас се јавувам за збор бидејќи претресот сеуште не е заклучен.

**Бесим Догани:** За збор немате право да се јавите.

**Борис Кондарко:** Како немам право, уште не е заклучен претресот.

**Бесим Догани:** Господине Кондарко јас ќе констатирам што се случувало.

Според тоа што вие го кажавте, според разговорите што ги имав со претседателот и со службите.

Имено господинот Георгиевски во претпладневниот дел на седницата констатира дека нема повеќе пријавени за збор. Затоа јас неможам веќе да дадам збор.

**Борис Кондарко:** Но не е заклучен претресот.

**Бесим Догани:** "И на Собранието му предложил да го усвои следниот заклучок".

**Борис Кондарко:** Како може да усвојува заклучок без завршен претрес.

**Бесим Догани:** Ве молам господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Ве молам јас. Си го барам само правото.

**Бесим Догани:** Значи, што може јас според вас да направам господине Кондарко ако е навистина пропустот дека не се запишани, или не се слушнати зборовите дека е заклучен претресот, јас можам само да го заклучам, бидејќи...

(Борис Кондарко од место реагира велејќи: срамота).

Не е срамота. Бидејќи кога има нереди во Парламентот поради реакции и од место нормално е и службите да не слушнат.

(И понатаму пратеникот Борис Кондрко реагира од место).

Како и да е господине Кондарко вие се пријавивте, се одјавивте, па пак се пријавивте...

(Борис Кондарко од место - тоа е мое право).

Правото на претседателот е да го констатира дека нема пријавени за збор.

Повелете господине Вељаноски, процедурално три минути.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам потпретседателе.

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам 15 минути пауза. За време на таа пауза можеме да се искоординираме.

**Бесим Догани:** Во ред господине Вељаноски.

Јас би дал 15 минути пауза, но само за координација помеѓу пратеничките групи, помеѓу шефовите на пратеничките групи. Благодарам.

(Пауза од 16,25 часот)

(По паузата седницата продолжи во 17,05 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

Почитувани дами и господа пратеници, бидејќи имавме контрадикторна ситуација, свикавме координација на пратеничките групи каде констатиравме дека според член 75 од Деловникот на Собранието на Република Македонија каде во алинеја 3 пишуа дека претресот по одделно прашање трае додека има пријавени учесници, што на некој начин не е сторено, но од друга страна членот 81 во втората алинеја вели дека пратеникот за збор се пријавува лично по отворањето на претресот и може да се пријавува до завршувањето на претресот, што технички не е направено, се договоривме да продолжиме со работа и да му дадеме збор на пратеникот Борис Кондарко кој во моментот бил пријавен, како спорен говорник, по претресот.

Повелете господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам за зборот.

Почитуван потпретседателе не се согласувам со вашата констатацијата што ја изнесовте, која е резултат на координацијата и не се согласувам дека јас сум според говорник, не се согласувам дека не сум деловнички пријавен. Ние се боревме, принципиелно, во Собранието за почитување на правата на пратениците, за поичитувањето на деловничката процедура. Апсолутно протестирам против таквото однесување на претседателот на Собранието кој не омаловажува и ни ги ускратува правата на недемократски начин, спотивно на Деловникот. Затоа, не прифаќам ваша милостиња. Се откажувам од зборот.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Кондарко.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за Јавно обвинителство;

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за Јавно обвинителство, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија;

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи за предложениот заклучок гласаа само 58 пратеници, а некои пратеници во меѓувреме дојдоа, па би ги замолил службите да ни достават точен број на присутни пратеници во моментот на гласање.

Бидејќи во моментот на гласање имало само 60 пратеници, предложениот заклучок го ставам повторно на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 60 прирустни пратеници за предложениот заклучок гласале 60, 59 гласале за, воздржани 1, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклкучок.

**Минуваме на точка 10.- Предлог за донесување на закон за Совет на јавни обвинители на Република Македонија.**

Предлогот за донесување на Законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за правда, господинот Михајло Маневски, повелете министре.

**Михајло Маневски:** Почитуван потпртседател на Собранието, почитувани дами и господа пратеници,

Ова е вториот закон од пакетот на закони од областа на Јавното обвинителство, покрај Законот за јавното обвинителство кој беше на претходната расправа.

Со овој закон се уредува нормативно-правната рамка за востановување на Совет на јавни обвинители и се дефинира постапката за избор и разрешување на јавните обвинители согласно амандманите на Уставот на Република Македонија.

Донесувањето на овој закон произлегува од потребата за усогласување на домашното законодавство со меѓународните стандарди од областа на правосудството, во кои процесот на изборот на јавните обвинители од страна на стручно тело, претставува стандард кој се препорачува и кој претставува гаранција за самостојно, стручно, квалитетно и професионално извршување на оваа значајна функција.

Исто така, со неговото донесување оваа материја се усогласува со амандманите на Уставот на Република Македонија од 2005 година, што се однесуваат во делот на судството односно Јавното обвинителство.

Предложениот закон, предложените новини во Законот за Јавното обвинителство односно Законот за Советот на Јавни обвинители, се дизајнирани врз основа на стратегијата и мерките предвидени во стратегијата за реформи на правосудниот систем. За таа цел во рамките на реформата посебно внимание е посветено на јакнење на самостојноста на Јавното обвинителство, покрај другото и преку редефинирање на обемот на системот за избор и разрешување, како и редефинирање на поставеноста, составот и надлежноста на телото кое ќе го врши изборот и разрешувањето на јавните обвинители.

Заради обезбедување на претпоставки за стручно, совесно и независно вршење на јавно обвинителската функција, предвидени се повеќе активности во правец на максимално ослободување од политичките влијание во процесот на изборот и разрешувањето на јавните обвинители. Во таа смисла со стратегијата за реформа на правосудниот систем беше предвидено да се пристапи кон уставни измени во правец на јакнење на самостојноста на Јавното обвинителство во однос и на именување на јавните обвинители, преку зајакнување на позицијата на Советот на јавните обвинители.

Законот за Советот на јавните обвинители е структуриран во осум глави во кои се уредени прашањата за составот, мандатот на членовите на Советот, неговите надлежности како и постапката за избор на неговите членови. Исто така во Законот значајно место заземаат и одредбите со кои се уредува материјата за изборот, разрешувањето и престанокот на функцијата односно на мандатот на јавните обвинители.

Самостојноста на јавното обвинителство се обезбедува пред се и преку составот на Советот. Имено мнозинството членови на Советот на јавните обвинители се избрани од нив самите, така што Советот кој брои 11 члена е составен на следниот начин: по еден член на Советот од своите редови избираат јавните обвинители од Јавното обвинителство на Република Македонија, еден член во Советот на јавни обвинители избираат од своите редови јавните обвинители од подрачјата на Вишите јавни обвинителства во Битола, Гостивар, Скопје и Штип, еден член на Советот е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија и него од своите редови го избираат сите јавни обвинители во Република Македонија, тројца членови на Советот на јавни обвинители избира Собранието на Република Македонија од редот на истакнати правници од кои двајца се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. И како што предвидува законот, по функција член на Советот на јавни обвинители е министерот за правда.

Битен сегмент преку кој се гарантира самостојноста на Јавното обвинителство, но во исто време преку кој ќе се обезбеди одговорноста на јавните обвинители и професионалност во вршењето на нивната работа е надлежноста на Советот да одлучува за избор и разрешување на јавните обвинители, освен јавниот обвинител на Република Македонија кој и натаму го именува Собранието на Република Македонија, по предлог на Владата и со претходно прибавено мислење од Советот на јавни обвинители.

Исто така, ова тело е надлежно да дава и мислење на Владата на Република Македонија, за

избор на јавен обвинител на Република Македонија.

Би сакал да истакнам дека Законот пропишува детални критериуми за избор на членови на Советот.

Исто така во овој закон вградивме и одредени решенија со кои ќе се надминат определени слабости што ги лоциравме при примената на Законот за Судскиот совет, во рамките на избор на членови на ова тело од редот на судиите. Секако овие решенија ќе придонесат да се подобри постапката за избор на членови на Советот на јавни обвинители.

Околу дискусиите што беа водени и во расправата на комисиите, сакам да ви напоменам, да го имате предвид, а секако и ќе го оцените тоа, се надевам, околу позицијата што во Советот на јавни обвинители се предвидува по однос на членувањето на министерот за правда и покрај изнесените забелешки дека премногу се акумулираат функции, а оваа Влада не предложи ниту еден закон во кој министерот за правда ќе биде член на одредено тело, дали е тоа Академија за обука на судии обвинители, дали тоа ќе биде судскиот буџетски совет, или Судскиот совет на Република Македонија.

Сакам да спомнам, да го имате предвид тоа дека во Чешка врховниот државен обвинител е именуван од Владата на предлог на министерот за правда. Во Данска јавните обвинители се именувани од министерот за правда. Во Естонија генералниот обвинител е именуван од министерот за правда, во Финска генералниот обвинител е именуван од претседателот на Републиката на предлог на Државниот совет, а сите заменици на јавни обвинители се именувани од Генералниот обвинител, се се тоа држави што претходно ги спомнав се членки на Европска унија

Во Словенија, јавните обвинители се именувани од Владата по Предлог на министерот за правда. Генералниот државен обвинител е именуван од Собранието, по предлог на Владата, така како што е и решението во Република Македонија.

Би сакал да го имате предвид сетоа тоа заради тоа што секако дека во тек се измени и во Законот за академијата за обука на јавните обвинители. Секако ќе биде редефинирана и положбата во врска со менаџирањето на средствата од Буџетскиот совет, кои ќе се образуваат на поинаков начин, каде секако ќе се има предвид и учеството на министерот за правда, заради тоа што сега се конституираат тие тела и веќе почнуваат да ги остваруваат тие функции.

Почитувани пратеници сакав да го имате предвид следното:

Веќе подолго време ов Република Македонија во Јавните обвинителства има еден број на јавни обвинители на кои им е изминат мандатот веќе подолго време и тоа на не мал број, некаде 20-30 јавни обвинители и заменици на кои им е изминат мандатот.

Кога започна оваа Влада да функционира се судри во ова прашање дека на десетина - 15 јавни обвинители веќе одамна им беше изминат мандатот. Тоа сакам да го имате предвид заради тоа што секако дека се работи за една состојба во врска со донесувањето на овие два закони заради тоа што секако дека и прашањето на разрешувањето на кадровските прашања, пополнувањето на соодветните места во систематизацијата на јавните обвинителства, се од особено значење и мислењата и сугестиите што ќе ги дадете во врска со овој закон секако ќе бидат од корист во подготвувањето на Предлогот на законот. Иста е состојбата и со Предлогот на законот за Јавното обвинителство, бидејќи овие два закони имаат една природна целина и тешко се одвојуваат едниот од другиот.

Сакам да ве уверам дека Република Македонија сака да оствари функција на јавен обвинител кој ќе биде ефикасен, кој ќе биде на таа висина да одговори на обврските кои се многу значајни и сложени, а секако Советот на Јавни обвинители ќе има посебна тежина бидејќи тој ќе ги избира сите јавни обвинители во Јавните обвинителства, почнувајќи од јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република Македонија, јавните обвинители во Апалационите јавни обвинителства во Скопје, Битола, Гостивар и Штип и секако јавните обвинители во Основните јавни обвинителства и јавните обвинители во Јавното обвинителство, за гоненење на кривични дела на организираниот криминал и корупцијата.

Сакам да го имате предвид и ова дека ретко каде јавните обвинители се именуваат со квалификувано мнозинство, како што се заговара 2/3 мнозинство итн., заради тоа што, секако, ако Законот за Јавното обвинителство се донесува со такво мнозинство, очигледно дека прашањето во врска со именувањето на јавниот обвинител, би било во функција, доколку се обезбедува такво квалификувано мнозинство. Тоа е мислењето на Владата што е изнесено и во Законот.

Би ве молел да ги имате предвид сите овие елементи што ги изнесов и компаративните искуства што се искажани и однапред ви благодарам за дискусиите, предлозите и сугестиите што ќе ги даде во врска со донесувањето на Предлогот на законот за Советот на јавни обвинители и она што пред малку го усвоивме, Предлогот за донесување на Законот за Јавното обвинителство.

Благодарам на вниманието.

**Бесим Догани:** Благодарам почитуван министре.

Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Со оглед дека почитуваниот министер излезе од рамките на она што ние го имаме доставено како образложение, дури и навлезе во материјална расправа одговарајќи на прашањата на некои пратеници, кои како дилеми беа изнесени на седниците на комисиите надлежни за овој закон, за да продолжиме со понатамошна расправа ни

се потребни стенографските белешки за да можеме да видиме се она што го искажа министерот, а не е во склопот на образложението. Токму поради тоа барам пауза за доставување на стенографските белешки.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓа Топузова.

Мислам дека вашето барање е во ред и затоа тука ја прекинувам денешната седница.

Утре продолжуваме со нова 40-та седница, а за продолжението на 36-та седница ќе бидете дополнително известени.

(Седницата прекина во 17,21 часот)